Food and Agriculture Organization of the United Nations



# Прирачник за работата на Националниот назначен орган за соработка со Зелениот Климатски Фонд

**Проект: „Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам за Зелениот Климатски Фонд“**

Република Северна Македонија

**Влада на Република Северна Македонија**

Green development
Republic of North Macedonia

# Прирачник за работата на Националниот назначен орган за соработка со Зелениот Климатски Фонд

Проект: „Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам за Зелениот Климатски Фонд“

Организација за храна и земјоделство на Обединетите нации

Будимпешта, 2019

Препорачана цитација:
ФАО 2019. *Прирачник за работата на Националниот назначен орган за соработка со Зелениот климатски фонд*. Будимпешта.

Употребените ознаки и презентирањето на материјалот во овој информативен производ не подразбираат изразување на какво било мислење од страна на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) во однос на правниот или развојниот статус на која било земја, територија, град или област, нејзините власти, или во врска со разграничувањето на нејзините граници. Споменувањето на конкретни компании или продукти на производители, без оглед дали се или не се патентирани, не значи дека тие биле одобрени или препорачани од страна на ФАО во корист на други лица од слична природа кои не се споменати.

Ставовите изразени во овој информативен производ се оние на авторот (ите) и не ги одразуваат ставовите или политиките на ФАО.

ISBN 978-92-5-132075-4
© FAO, 2019

Некои права се задржани. Ова дело е достапно под лиценцата Creative Commons Attribution-NonCommercial-ShareAlike 3.0 IGO (CC BY-NC-SA 3.0 IGO; https://creativecommons.org/licenses/by-nc-sa/3.0/igo/legalcode ).

Според условите на оваа лиценца, ова дело може да биде копирано, прераспределено и прилагодено за некомерцијални цели, под услов активноста да биде соодветно наведена. При секоја употреба на ова дело, не треба да се сугерира дека ФАО одобрува одредена организација, производи или услуги. Користењето на логото на ФАО не е дозволено. Ако работата е адаптирана, тогаш таа мора да биде лиценцирана под иста или еквивалентна Creative Commons лиценца. Ако преведе ова дело, тоа мора да го содржи следното одрекување од одговорност, заедно со реченицата: “Овој превод не е направен од Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО). ФАО нема одговорност за содржината или точноста на овој превод. Оригиналното [Јазично издание] е авторско.

Споровите што произлегуваат од дозволата кои не можат да се решаваат, спогодбено ќе се решаваат со медијација и арбитража како што е опишано во член 8 од лиценцата, освен ако не е поинаку пропишано овде. Применливите правила за медијација ќе бидат правилата за медијација на Светската организација за интелектуална сопственост http://www.wipo.int/amc/en/mediation/rules и секоја арбитража ќе биде во согласност со правилата за арбитража на Комисијата на Обединетите нации за меѓународно Трговско право (UNCITRAL).

Материјали од трети страни. Корисниците кои сакаат од ова дело да користат материјали преземени од трети лица, како што се табели, графици или слики, се одговорни за утврдување дали дозвола е потребна за таа повторна употреба и за добивање дозвола од носителот на авторските права. Ризикот од побарувања кои произлегуваат од прекршување на која било компонента во сопственост на трети лица во ова дело го сноси исклучиво корисникот.

Продажба, права и лиценцирање. Информативните продукти на ФАО се достапни на веб страната на ФАО (www.fao.org/publications) и може да се купат преку publications-sales@fao.org. Барањата за комерцијална употреба треба да се доставаат преку: www.fao.org/contact-us/licence-quest. Прашања за права и лиценцирање треба да се доставаат до: copyright@fao.org.

Насловна фотографија: © Pexels

# Содржина


Листа на кратенки ........ v
1.Вовед ........ 1
2. Основни информации за Зелениот климатски фонд ........ 2
2.1 Мисија ........ 2
2.2 Управување ........ 2
2.3 Алокација на ресурси ........ 3
2.4 Структура ........ 4
2.5 Финансиски инструменти ........ 6
3. Пристап до Зелениот климатски фонд ........ 7
3.1 Програма за подготвеност и подготвителна поддршка ........ 7
3.2 Фонд за подготовка на проекти ........ 9
3.3 Поедноставен процес на одобрување ........ 9
3.4 Тековно финансирање проекти ........ 11
3.5 Повици на ЗКФ за предлог-проекти ........ 14
4. Одговорности на Националниот назначен орган ........ 15
5. Механизам за координација во земјата ........ 17
5.1 Стратешки советодавен комитет ........ 18
5.2 Секторски работни групи ........ 19
5.3 Национален совет за одржлив развој ........ 19
5.4 Владата ........ 20
6. Работна програма за земјата и проектен циклус ........ 21
6.1 Фаза 1: Подигање на свеста и вклучување на засегнатите страни ........ 22
6.2 Фаза 2: Стратешка приоретизација и изработка на програма ........ 25
6.3 Фаза 3: „Без-приговор“ и пристап до финансии ........ 29
6.4 Фаза 4: Спроведување и споделување на научените лекции ........ 34
7. Акредитација за директен пристап ........ 35
7.1 Услови за акредитација за ЗКФ ........ 35
7.2 Постапка за акредитација ........ 38
Референци ........ 41
Прилози ........ 42
1. Инвестициски критериуми и подкритериуми на ЗКФ ........ 42
2. Еколошка и социјална политика на ЗКФ ........ 44
3. Политика за родови прашања на ЗКФ ........ 46
4. Деловник за работа на ННО-ССК ........ 48
5. Образец: Белешка за проектна идеја ........ 51
6. Образец на писмо за потврда на проектна идеја ........ 58
7. Образец на писмо за одбивање на проектна идеја ........ 59
8. Критериуми за приоретизација на проектни идеи ........ 60
9. Критериуми, подкритериуми, индикатори и систем на бодување за приоретизирање на концептните белешки/предлози за финансирање ........ 65
10. Образец: Писмо за прифаќање на концептни белешки ........ 77
11. Образец: Писмо „Без-приговор“ за Фондот за подготовка на проекти (ФПП) ........ 78
12. Образец: Писмо „Без-приговор“ за предлог-проектите за ППО ........ 79
13. Образец: Писмо „Без-приговор“ за предлог-проектите за финансирање ........ 80
14. Фидуцијарни стандарди на ЗКФ ........ 81
15. Образец: Писмо за номинација на субјект со директен пристап ........ 84

# Признанија

Овој Прирачник за работата на Националниот назначен орган за соработка со Зелениот климатски фонд во Северна Македонија беше подготвен од Регионалната канцеларија на ФАО за Европа и Централна Азија, под раководство на Кабинетот на заменикот претседател на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските сектори, во улога на Национален назначен орган за Зелениот климатски фонд (ЗКФ).

Техничкиот документ беше развиен во рамки на спроведувањето на првиот грант од Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка на ЗКФ, под целокупна координација на г-ѓа Тања Сантиванез, Водечки технички директор и г-ѓа Кармен Аргуело Лопез, Советник на ФАО за Зелен климатски фонд.

Главни автори на документот се г-ѓа Катерина Стелмах, консултант за ЗКФ процедури, г-ѓа Олгица Апостолова, специјалист за родови прашања, г-дин Игор Славкоски, национален тим лидер и г-ѓа Кармен Аргуело Лопез, советник на ФАО за ЗКФ.

Авторите би сакале да ја признаат улогата на членовите на Националниот назначен орган за нивниот удел и насоките при подготовка на овој Прирачник, кој има за цел да го зголеми знаењето и разбирањето кај националните чинители за работата на ЗКФ, со цел да ги истражат најдобрите можности за придонес кон климатската акција во Република Северна Македонија.

# Кратенки

| | |
|---|---|
| AC | Акредитиран субјект |
| ФА (AF) | Фонд за адаптација |
| ГО (CSO) | Граѓанска организација |
| СДП (DAE) | Субјекти со директен пристап |
| ГД РС (DG DEVCO) | Генерален директорат за развој и соработка - EuropeAid на Европската комисија |
| ЕСМС | Систем за управување со еколошки и социјални аспекти |
| ЕСС (ESS) | Еколошки и социјални гаранции |
| ФАО | Организација за храна и земјоделство на Обединетите нации |
| ГЕФ (GEF) | Глобален еколошки фонд |
| ЗКФ (GCF) | Зелен климатски фонд |
| МСП (IAE) | Меѓународни субјекти со пристап |
| НСОТП (ITAP) | Независен советодавен одбор за техничка проценка |
| НРЗ (LDC) | Најмалку развиена земја |
| НСОР (NCSD) | Национален совет за одржлив развој |
| ННО (NDA) | Национален назначен орган |
| НПКП (NDC) | Национални придонеси за климатски промени |
| ОСА (OAS) | Онлајн систем за акредитација |
| ОСП (OSS) | Онлајн систем за поднесување |
| ФПП (PPF) | Фонд за подготовка на проекти |
| ФПС (PSF) | Фонд за приватниот сектор |
| ОПС (PSO) | Организација од приватниот сектор |
| ССК (SAC) | Стратешки советодавен комитет |
| ППО (SAP) | Поедноставен процес на одобрување |
| ЦОР (SDGs) | Цели за одржлив развој |
| СЕП (SEA) | Секретаријат за европски прашања |
| МОДР (SIDS) | Мали островски држави во развој |
| СРГ (SWG) | Секторска работна група |
| ТРГ (TWG) | Техничка работна група |
| УНФЦЦЦ (UNFCCC) | Рамковна конвенција на ОН за климатските промени |

# 1. Вовед

Овој Прирачник за работата и улогата на Зелениот климатски фонд (ЗКФ), содржи насоки за националниот назначен орган (ННО) за соработка со Фондот, со цел да овозможи спроведување активности поврзани со климатските промени во Северна Македонија.

Северна Македонија веќе ги чувствува влијанијата на климатските промени и сè повеќе ќе станува ранлива на последиците од нив. Како страна на Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (УНФЦЦЦ), Северна Македонија е посветена да придонесе за глобалните активности против климатските промени со тоа што го ратификуваше Парискиот договор и ги објави своите први национални придонеси (NDC) во 2017 година.

Парискиот договор ги сплотува заедно сите нации со цел преземање на амбициозни активности за борба против климатските промени и приспособување на нивните последици. Целта на Парискиот договор е да го задржи зголемувањето на температурата под 2 степени Целзиусови во споредба со температурата пред почетокот на индустрискиот развој, како и спроведување активности за ограничување на зголемувањето на температурата дури и за 1,5 степени Целзиусови. За да придонесе за оваа цел, Северна Македонија се обврза до 2030 година, да ги намали емисиите на $CO_2$ за 30%, односно за 36% со повисоко ниво на амбиција, во споредба со вообичаеното сценарио (ситуација во која ништо не би се променило).[1]

За исполнување на обврските за ублажување и задоволување на потребите за адаптација ќе бидат потребни значителни финансиски ресурси. Тие треба да се соберат од различни јавни и приватни, национални и меѓународни извори. Зелениот климатски фонд е еден од тие извори. Тој е формиран во рамките на УНФЦЦЦ и има мандат да поддржува активности во целиот свет за справување со предизвиците од климатските промени. ЗКФ има цел да поддржи промена на парадигмата кон развој со ниски емисии и отпорност на климата, земајќи ги предвид потребите на државите во развој кои се особено ранливи пред влијанијата на климатските промени.

Преку информирање и објаснувања за ЗКФ и за националната рамка и процеси, овој Прирачник има цел да ја забрза соработката на Северна Македонија со ЗКФ и да овозможи инвестиции во процесите кои ќе доведат до премин кон нискојаглеродна економија и климатска отпорност.

Прирачникот содржи основни информации за пристап до ЗКФ, за процесите на Фондот, за областите во кои може да се инвестира и под кои услови. Исто така ја објаснува улогата на ННО, целта на националниот механизам за координација и одговорностите на неговите членови. Прирачникот исто така чекор по чекор ги објаснува процедурата „Без-приговор“ и програмирањето за државата.

Овој технички документ е развиен во рамки на Проектот „Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд“, кој ги ангажираше сите релевантни засегнати страни во консултативни процеси со цел приоритизација на стратешките климатски инвестиции кои би се финансирале преку ЗКФ. Во таа смисла, ова достигнување беше можно благодарение на ангажманот на експертите на ФАО и инпутот на техничкиот персонал на релевантните национални институции вклучени во дискусиите во текот на изминатата година, а особено благодарение на водството на Кабинетот на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Националниот назначен орган за ЗКФ и ФАО, во улога на партнер за имплементација на грантот за подготвеност од Зелениот климатски фонд, се уверени дека овој технички документ одговара на потребите на различните засегнати страни и ќе обезбеди насоки и сите потребни елементи за развој на предлози со висок квалитет во Република Северна Македонија за финансиска поддршка од Зелениот климатски фонд. Се очекува овие напори да придонесат за успешно спроведување на Националните придонеси за климатски промени и на севкупно постигнување на целта на Рамковната конвенција на ОН за климатски промени и Целта за одржлив развој 13 за климатска акција.

[1] Национални придонеси (НП) на Северна Македонија (2015)

# 2. Основни информации за Зелениот климатски фонд

## 2.1 Мисија

Зелениот климатски фонд (ЗКФ) е глобален фонд формиран од државите, страни на **Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (УНФЦЦЦ)** со цел да се поддржат напорите на земјите во развој да одговорат на предизвикот што го носат климатските промени.
ЗКФ има цел да поддржи **промена на парадигмата кон развој со ниски емисии и отпорност на климата,** земајќи ги предвид потребите на државите кои се особено ранливи пред влијанијата на климатските промени. ЗКФ користи јавни инвестиции за да поттикне инвестиции од приватниот сектор со позитивно влијание врз климата со цел да се постигне развој со ниски емисии и отпорност на климата. Фондот исто така има многу важна улога за спроведување на Парискиот договор и за поддржување на земјите во развој при спроведувањето на нивните национални придонеси за климата (NDCs).

## 2.2 Управување

ЗКФ **одговара пред Обединетите нации** и работи согласно начелата и одредбите на УНФЦЦЦ. Со ЗКФ управува Одборот. Во него членуваат **12 претставници од развиените земји и 12 претставници од земјите во развој.** Одборот одлучува со консензус на сите членови.

**Секретаријатот на ЗКФ** е работен орган на Фондот. Тој е одговорен за вршење на секојдневната работа, обезбедува услуги кои се бараат од секретаријатот и одговара директно пред Одборот.

Слика 1 Структура на ЗКФ




Извор: ЗКФ, 2019

**Независните одделенија за отчетност** се формирани со цел да гарантираат дека Фондот ги исполнува највисоките стандарди за интегритет. Такви единици се:

- Независно одделение за интегритет;
- Независен механизам за надомест на штета;
- Независно одделение за евалуација.

**Акредитираните набљудувачи** имаат пристап до состаноците на Одборот со цел да обезбедат активна вклученост на различни засегнати страни. Меѓу нив има двајца претставници од акредитирани граѓански организации (ГО), по еден од развиена земја и од земја во развој, и двајца од акредитирани организации од приватниот сектор (ОПС), исто така еден од развиена земја и еден од земја во развој.

## 2.3 Алокација на ресурси

**До јануари 2019 година за ЗКФ се ветени 10,3 милијарди УСД**, а мобилизацијата на ресурсите и понатаму продолжува.

Ресурсите на ЗКФ, низ годините, ќе бидат **еднакво поделени и за ублажување и за адаптација**. Најмалку половина од средствата за адаптација ќе бидат доделени на најмалку развиените земји (НРЗ), малите островски држави во развој (МОДР) и на државите од Африка.

Слика 1. Алокација на ресурсите на ЗКФ




Извор: ЗКФ, 2019

ЗКФ ќе одржува **географска рамнотежа** и ќе доделува разумен и фер износ во голем број земји, а истовремено **ќе ги максимизира обемот и трансформацискoто влијание** на активностите за ублажување и адаптација.

**Сопственоста на земјата** е основно начело на ЗКФ. Сите активности на ЗКФ се усогласени со приоритетите на земјите во развој преку соработката со нивните национални назначени органи и преку националните механизми за координација. ЗКФ има и можности за директен пристап, така што националните и поднационалните организации средства можат да добијат и директно, а не само преку меѓународни посредници. ЗКФ ќе одвои финансиски средства за подготвеност и подготвителна поддршка за спроведувањето на ефективни пристапи предводени од земјите.

ЗКФ поддржува проекти и програми за ублажување и адаптација во шест области на влијание (Слика 3). Фондот соработува **и со јавниот и со приватниот сектор** за инвестиции кои предизвикуваат трансформација и кои се фокусираат на климата.

**Слика 3.** Стратешки области на влијание на ЗКФ




ЗКФ има цел **да стимулира приватни инвестиции** преку својот Фонд за приватен сектор (ФПС) и да ги надмине пазарните пречки за приватниот сектор преку покривање на значителниот ризик поврзан со климата, како и преку поттикнување и собирање на дополнителни финансиски средства. Истовремено, ќе се доделуваат ресурси со **минимални концесионални услови** без истиснување на потенцијалните средства од други јавни и приватни извори.

## 2.4 Структура

**Слика 4.** Структура на ЗКФ




**Извор:** ЗКФ, 2019

ЗКФ ги канализира своите ресурси преку **акредитирани субјекти** - меѓународни, регионални, национални и поднационални. Тие може да се јавни институции, приватни субјекти или невладини организации. „Акредитирани" значи дека овие субјекти поминале низ процесот за акредитација на ЗКФ и ги исполнуваат стандардите на Фондот. Во Поглавје 7 дадени се повеќе детали за процесот за акредитација.

Постојат два вида на акредитирани субјекти:

- Субјекти со директен пристап
- Меѓународни субјекти со пристап

**Субјекти со директен пристап (СДП)** се поднационални, национални или регионални организации кои треба да се номинирани од Националниот назначен орган (ННО).

**Меѓународните субјекти со пристап (МСП)** се агенциите на Обединетите нации, мултилатерални развојни банки, јавни и приватни меѓународни или регионални организации. Целосната листа на акредитираните субјекти може да се најде на интернет-страницата на ЗКФ (ЗКФ, 2019б) [2].

**Акредитираните субјекти (АС)** изработуваат и доставуваат предлог-проекти до ЗКФ. Тие работат заедно со националните и поднационалните партнерски институции при изработка и спроведување на проектите. Тие се одговорни за управување со и мониторинг на проектите. Акредитираните субјекти треба да се координираат со ННО во однос на листата на проекти, прифаќањето на предлог-проектите за финансирање и спроведувањето на проектите.

**Националните и поднационални засегнати страни** од јавниот, приватниот или граѓанскиот сектор кои не се акредитирани за ЗКФ може да се вклучат во овие активности на повеќе начини:

- Да го поддржат ННО да ги дефинира приоритетите за државата и проектното портфолио за финансирање од ЗКФ, преку учество во механизмот за координација и во консултациите со засегнатите страни.
- Да идентификуваат проектни идеи и да соработуваат со АС за изработка на концептна белешка и предлог-проект за финансирање, како и при спроведување на проектните активности доколку се одобрени од ЗКФ. Релевантните засегнати страни исто така може да се вклучат како партнер во спроведувањето на проектот во зависност од соработката со АС и одобрениот предлог-проект.
- За својот интерес да се акредитираат за субјект со директен пристап може да го известат ННО. Номинирани од ННО, субјектите можат да аплицираат за акредитација и да добијат директен пристап до ресурсите на ЗКФ.
- Јавните субјекти може да дадат и свое мислење до ННО во рамките на процедурата „Без-приговор" и при прифаќање на предлог-проектите за финансирање.
- Релевантните засегнати страни, како што се граѓанските организации и државните институции, кои се вклучени и/или пак врз кои влијае изработката/спроведувањето на проектот исто така вршат надзор и даваат повратно мислење преку процесот на вклучување на засегнатите страни.

[2] Директориум на акредитирани субјекти на Зелениот климатски фонд, 2019

## 2.5 Финансиски инструменти

ЗКФ овозможува користење инструменти како **грантови, заеми, гаранции и капитал** за финансирање на проекти. Исто така дава дополнителни грантови и техничка помош за подготовка на предлог-проекти за финансирање и за подготовка на државите.

Условите за користење на финансиските инструменти за јавниот и приватниот сектор се утврдуваат поединечно за секое барање. Некои од начелата при одлучување се:

- Грантовите треба да се приспособат на инкременталните трошоци или на премијата за ризик која е потребна за да се постигне одржливост на инвестицијата, или да се покријат трошоците за специфични активности како што е техничка помош;
- Нивото на концесионалноста (поволностите) не треба да ја поместува инвестицијата која и инаку би се случила, вклучувајќи ги тука и инвестициите од приватниот сектор;
- Треба да се земе предвид капацитетот за задолженост на примателот;
- Се промовира долгорочна финансиска одржливост и максимизирање на леверицот кај финансирањето од приватни извори.

# 3. Пристап до Зелениот климатски фонд

Постојат пет начини за пристап до ресурсите на ЗКФ кои може да ги користат ННО, избраните национални субјекти и акредитираните субјекти, во зависност од потребите на државата, фазата во која е државата во процесот на сопственост и фазата на подготовка на проектот (слика 5).

ННО учествува во сите начини за пристап до ЗКФ, преку спроведување на активностите за подготвеност на државата, генерирање и прифаќање на предлог-проекти, прифаќање на националните субјекти за акредитација или преку надзор над спроведувањето на проекти.

**Слика 5.** Можности за пристап до ЗКФ




## 3.1 Програма за подготвеност и подготвителна поддршка

Програмата за подготвеност на ЗКФ го поддржува ННО и номинираните субјекти за директен пристап со цел зајакнување на нивните институционални капацитети за ефикасна соработка со Фондот. Средствата се обезбедуваат во форма на грантови или техничка помош.

Програмата за подготвеност обезбедува:

- **До 1 милион УСД по земја годишно** за подготвителни активности (освен за планирање за адаптација). Од овој износ, ННО може да побара до 300.000 американски долари годишно за формирање или зајакнување на ННО со цел исполнување на барањата на Фондот.
- **До 3 милиони УСД годишно за составување национални планови** за адаптација и/или други процеси за планирање на адаптацијата од страна на ННО. Оваа поддршка може да ја олесни изработката на националните планови за адаптација во кои се утврдуваат националните приоритетни мерки за адаптација на климатските промени.

Во рамките на овие максимални износи, државите може да поднесат повеќе предлог-проекти со траење од неколку години кои најдобро одговараат на нивните потреби низ времето. Повеќе субјекти со директен пристап или партнери за реализација може да спроведуваат повеќе проекти со цел најдобро да се искористат експертското знаење и можностите во повеќе области.

Ова е можно за активностите за подготвеност, меѓу кои е и планирањето на активности за адаптација.

**Сите барања за ваква поддршка за подготвеност треба да се прават преку ННО**. Така е и кога корисник на поддршката е директно ННО или кога поддршката е наменета за субјект со директен пристап. Со средствата може да управуваат различни тела, во зависност од побараниот вид на поддршка. Тоа може да е самиот ННО, или пак негов партнер за реализација кој го избрал ННО. Партнерите за реализација може да се организации кои потпишале рамковен договор за подготвеност. Доколку партнерите за реализација не се акредитирани субјекти, тогаш треба да го пополнат прашалникот за оценка на капацитетот за финансиско управување. Обрасците и останатите упатства се дадени на интернет-страницата на ЗКФ (ЗКФ, 2019в)[3].

Програмата за подготвеност поддржува активности кои придонесуваат за пет исходи:

1. **Зајакнување на капацитетот на државата**. Ова вклучува активности за градење на капацитетите на ННО и на поврзаните процедури.
2. **Ангажирање на засегнатите страни во процеси за консултации.**Ова вклучува изработка на Работната програма за земјата за соработка со ЗКФ, како и годишни прегледи на портфолиото на ЗКФ во Северна Македонија. Во 2016 година, ННО на Република Северна Македонија го доби првиот грант за подготвеност во износ од 300.000 УСД за зајакнување на ННО и вклучување на засегнатите страни.
3. **Директен пристап.** Номинираните субјекти со директен пристап може да добијат поддршка пред или по акредитацијата. Поддршката пред акредитација вклучува длабинска оценка на нивниот институционален капацитет и на потребните стандарди, по што следи изработка на Акциски план со чие спроведување ќе се подготват за аплицирање за акредитација за ЗКФ. Поддршката по акредитација вклучува градење капацитети и изработка на работни програми.
4. **Пристап до финансии.** Ова може да вклучува проверки дали во Работната програма за земјата се вклучени приоритети со големо влијание идентификувани во националните придонеси и во националните стратегии, изработка на концептни белешки, проверка на усогласеноста на предлог-проектите за финансирање со приоритетите на државата.
5. **Мобилизација на приватниот сектор.** Ова вклучува мерки за здружување на приватното финансирање и финансирањето од пазарите на капитал со цел спроведување на работните програмите на земјите, како и за овозможување учество на приватниот сектор во јавно-приватни партнерства.

**За изработка на планови за адаптација**, согласно специфичните потреби на државата, ННО треба да идентификува активности што одговараат на активностите што може да се финансираат со средства од ЗКФ:

- Воспоставување на систем за управување и координација на активностите за планирање на адаптацијата;
- Подобрување на образложението за инвестирање во активности за намалување на ранливоста на климата и адаптација;
- Управување со знаење за адаптација, споделување на информации и комуникација;
- Усогласување на севкупната развојна политика и стратегија на државата;
- Изработка на стратегијата за финансирање на активности за адаптација;
- Развивање на систем за мониторинг, евалуација и капацитети за учење.

[3] Поддршка за земјите. Обрасци и упатства, 2019

## 3.2 Фонд за подготовка на проекти

Фондот за подготовка на проекти (ФПП) дава поддршка на акредитираните субјекти за подготовка на проекти и програми. Целта е да ги **поддржи субјектите со директен пристап** и **проектите од категоријата микро-до-мали проекти.**

**Секое барање за средства до ФПП мора да изнесува најмногу 1,5 милони УСД** и може да се реализира преку грантови и повратни грантови. За проекти со приватниот сектор може да се побара капитал кој се доделува преку грантови или со капитално финансирање. За првичната фаза на работа на ФПП обезбедени се вкупно 40 милиони УСД.

**Поддршката од ФПП може да биде за следните активности:**

- Претходни студии на изводливост и студии на изводливост, како и за изработка на проектна документација;
- Еколошки, социјални и родови студии;
- Оценка на ризик;
- Идентификација на индикатори на ниво на програма/проект;
- Услуги со преддоговор, меѓу што и ревизија на тендерска документација;
- Советодавни услуги и/или други услуги за финансиско структурирање на предложените активности.
- Други активности за подготовка на проекти, под услов да постои задоволително оправдување.

**Барањата до ФПП ги изработуваат и доставуваат акредитираните субјекти**. Субјектите со директен пристап кои сè уште не се акредитирани може да добијат поддршка и помош за овој процес преку Програма за подготвеност и подготвителна поддршка.

**ННО треба да обезбеди писмо „Без-приговор“ за барањето до ФПП** (во Прилог 11 е даден образецот за аплицирање). Поради тоа ННО треба да се координира со акредитираниот субјект при изработката на апликацијата за ФПП и да обезбеди дека барањето е во согласност со процесот за програмирање во државата и во согласност со критериумите за подобност, приоретизација и техничка проценка на проектни идеи и концептни белешки (види Дел 6).

**Барањата до ФПП може да се достават или пред или по поднесувањето на концептната белешка.** Честопати барањето до ФПП доаѓа по поднесувањето на концептната белешка. Доколку сè уште не е поднесена концептна белешка во врска со тоа барање, тогаш треба да се пополни дополнителен дел од апликацијата за ФПП. Предлог-проектите за финансирање изработени со помош на ФПП треба да се достават до Одборот на ЗКФ во рок од две години од одобрувањето на барањето до ФПП.

## 3.3 Поедноставен процес на одобрување

Пилот шемата за поедноставениот процес на одобрување (ППО) е **постапка која се следи при аплицирање за помали проекти** или програми. При ППО, обрасците за аплицирање и постапката за одобрување е поедноставена и насочена, поради што и роковите се пократки.

**Постојат три главни критериуми за подобност за проектите/програмите кои се поднесуваат преку оваа постапка. Тие се:**

- Проектите треба да се подготвени за повторување во поголеми размери и да имаат потенцијал за трансформација, да поттикнуваат промена на парадигмата кон развој со ниски емисии и отпорност на климата;
- Барањето за финансирање до ЗКФ треба да е за најмногу 10 милиони УСД од вкупниот буџет;
- Еколошките и социјални ризици и влијанија да се класифицирани како минимални или да ги нема.

**Преку ППО може да се поддржат бројни активности.** Такви на пример се следните:

- Системи за рано предупредување и друг вид на мониторинг;
- Објекти во рамките на домаќинството за собирање на дождовница и производство на обновлива енергија од мал обем;
- Проекти од мал обем во рурални или урбани заедници, како на пример селски систем за водоснабдување или одводнување и земјоделство отпорно на климата.

Проектите или програмите кои се со познати фактори на ризик и за кои ќе бидат потребни дополнителни информации и подетална проверка и консултации со релевантните субјекти, не се подобни. Примери за активности со вродени фактори на ризик се тие кои предизвикуваат раселување на лица, или кои влијаат врз домородно население, како и тие кои се реализираат во заштитени подрачја и на локации со културно наследство, или пак кои создаваат отпад, влијаат врз здравјето на луѓето и имаат прекугранични влијанија.

**Слика 6.** Главни чекори за Поедноставениот процес на одобрување

| Чекор | Чинител | Одговорност |
|---|---|---|
| **Концептна белешка** | АС или ННО | • АС или ННО поднесуваат концептна белешка за ППО со користење на Онлајн системот за поднесување. Концептните белешки треба да се доставуваат откако е направен скрининг за еколошки и социјални гаранции (ЕСС). |
| | Секретаријатот на ЗКФ | • Секретаријатот на ЗКФ ја потврдува категоријата на ризик и ги известува АС и/или ННО за тоа дали проектот е подобен за ППО. |
| **Предлог-проект за финансирање** | АС | • АС изработува предлог-проект за финансирање во посебниот образец за предлог-проекти за финансирање за ППО и го доставува со употреба на онлајн системот за поднесување за ППО. |
| | ННО | • ННО издава писмо „Без-приговор“ за предлог-проектот за финансирање преку ППО, кое треба да биде во прилог на предлог-проектот за финансирање. |
| | Секретаријатот на ЗКФ и ИТАП | • ЗКФ на барање на субјектот и во согласност со ННО може да одобри техничка помош за финализација на предлог-проектот.<br>• Секретаријатот на ЗКФ и Независниот советодавен одбор за техничка проценка (НСОТП) го разгледуваат предлог-проектот за финансирање и неговите прилози (тоа се врши тековно).<br>• Активностите кои се предвидени во предлог-проектот за финансирање ќе се оценат поединечно со цел да се утврди дали тие се подобни за ППО. |
| | Одборот на ЗКФ | • Одборот, на своите редовни состаноци, тековно ги разгледува предлог-проектите за финансирање. |

**Извор:** ЗКФ, 2019

**Поднесувањето на концептна белешка е задолжителен чекор за ППО.** Акредитираните субјекти, особено субјектите со директен пристап како и ННО може да доставаат концептни белешки за ППО. Со тек на време, проектите од субјектите со директен пристап треба да преставуваат најмалку 50% од портфолиото на ППО.

**ННО треба да обезбеди писмо „Без-приговор“ за предлог-проекти за финансирање преку ППО** (во Прилог 12 е даден образецот). ННО треба да го следи циклусот за одобрување проекти и критериумите за приоретизација и проценка на проектни идеи, концептни белешки или предлог-проекти за финансирање преку ППО, согласно наведеното во Дел 6.

## 3.4 Тековно финансирање проекти

ЗКФ тековно ги прифаќа предлог-проектите и барањата за финансирање. Ова е редовна постапка за поднесување. Акредитираните субјекти изработуваат предлог-проекти за финансирање во соработка со националните партнери и во тесна соработка со ННО.

Слика 7. Стратешките области на влијание на ЗКФ и примери за проекти

| Ублажување | Адаптација |
|---|---|
| **Пристап до енергија со ниски емисии и генерирање на енергија**<br><br>Опис: намалување на емисиите од енергетиката<br><br>Пример-проекти: развој на употребата на во-мрежа, микро-мрежа и надвор од-мрежа сончева енергија, енергија од ветер, геотермална енергија или други инвестиции кои овозможуваат намалување на емисии во секторот итн. | **Подобрени приходи на најранливите луѓе, заедници и региони**<br><br>Опис: подобрена отпорност на најранливите луѓе и заедници<br><br>Пример-проекти: инсталација на системи за рано предупредување од различни опасности, зголемување на отпорноста на земјоделството и туризмот и на оние кои зависат од нив, диверзификација на изворите за снабдување и управување со синџирот на снабдување, релокација на производните објекти и складишта итн. |
| **Транспорт со ниски емисии**<br><br>Опис: намалување на емисиите од транспортниот сектор<br><br>Пример-проекти: развој на брза железница, брзи автобуски системи, нискојаглеродна урбана транспортна инфраструктура, намалување на емисиите од товарниот сообраќај итн. | **Подобрено здравје и добросостојба и подобра обезбеденост со храна и вода**<br><br>Опис: зголемување на отпорноста на здравјето и добросостојбата, како и на обезбеденоста со храна и вода<br><br>Пример-проекти: отпорно земјоделство, кое може да ги намали ризиците за безбедноста со храна како и притисоците врз водоснабдувањето, на пр. култури отпорни на климата, ефикасни системи за наводнување, зајакнување на отпорноста на градовите преку подобрување на санитарните системи, на системите за управување и инфраструктурата во урбаните подрачја, итн. |

| **Енергетски ефикасни згради, градови и индустрии** | **Отпорна инфраструктура и изградена средина** |
|---|---|
| Опис: намалување на емисиите од зградите, градовите и од индустријата<br>Пример-проекти: инвестиции во нови и реновирани енергетски ефикасни згради, енергетски ефикасни уреди и опрема, управување со синџирот за снабдување во индустријата. | Опис: зголемување на отпорноста на инфраструктурата и на изградената средина пред заканите од климатските промени<br>Пример-проекти: изградба на крајбрежна инфраструктура отпорна на климата, на пр. крајбрежни ѕидови, урбана инфраструктура отпорна на климата и патни мрежи, итн. |
| **Одржлива употреба на земјиштето и одржливо управување со шумите** | **Отпорни екосистеми** |
| Опис: намалување на емисиите од употребата на земјиштето, обесшумувањето и деградацијата на шумите<br>Пример-проекти: заштита и управување со шумите, намалување на емисиите во земјоделството, на пр. агрошумарство, земјоделско наводнување, пречистување на води и управување итн. | Опис: зголемување на отпорноста на екосистемите и екосистемски услуги<br>Пример-проекти: адаптација врз основа на екосистемите со фокус врз крајбрежните екосистеми, мочуришта, шуми, заштита и управување со екосистеми, екотуризам итн. |

**Извор:** ЗКФ, 2019

Проектот треба да припаѓа на најмалку на една од стратешките области на влијание (слика 7). Проектите може да се со различна големина од микро (< 10 милиони) до големи инвестиции (> 250 милиони УСД). Проектите треба да се усогласени со националните климатски и развојни приоритети, да бидат водени од земјата и да се развиваат во консултации и соработка со релевантните национални засегнати страни.

**Само акредитираните субјекти може да доставуваат предлог-проекти за финансирање до ЗКФ.** Субјектите кои не се акредитирани, но се заинтересирани да изработат предлог-проекти за финансирање од ЗКФ треба да најдат за партнер меѓународен акредитиран субјект и да добијат насоки од ННО за проектниот циклус и листата на акредитирани субјекти (види Дел 6).

Предлог-проектите кои се предлагаат за финансирање до ЗКФ треба да ги исполнуваат следните главни барања:

✓ **Писмо „Без-приговор“ од ННО** – секој предлог-проект за финансирање треба да е прифатен од ННО. .

✓ **Критериуми за инвестирање на ЗКФ** – да ги исполнува шесте критериуми по кои се носат одлуките за инвестирање од страна на ЗКФ (слика 9). Секој критериум за инвестирање содржи поткритериуми за специфична активност (Прилог 1).

✓ **Еколошка и социјална оценка** – направена оценка на главните еколошки и социјални ризици и влијанија на проектот и мерки за нивно избегнување, намалување или ублажување согласно Еколошката и социјална политика на ЗКФ (Прилог 2).

- ✓ **Проценка на родовите прашања и акциски план** – Проценката на родовите прашања и Акцискиот план на ниво на проект/програма за родови прашања треба да е усогласен со целите на Политиката за родови прашања на ЗКФ (Прилог 3).

Слика 8. Големина на проектите на ЗКФ




Извор: ЗКФ, 2019

Покрај барањата на ЗКФ, предлог-проектите треба да одговараат на националните критериуми за подобност, приоретизација и техничка проценка кои треба да осигурат дека предложените проекти се во согласност со националниот процес на програмирање и стратешка приоретизација. Во Дел 6 дадени се детали за чекорите и критериумите за националниот проектен циклус.

Слика 9. Критериуми за инвестирање на ЗКФ

| Критериум | Дефиниција |
|---|---|
| **Потенцијал за влијание** | Потенцијал на програмата/проектот да придонесе за постигнување на целите и областите на резултати на Фондот:<br>• Придонес за промена кон одржлив развој со ниски емисии;<br>• Придонес за одржлив развој отпорен на климата. |
| **Потенцијал за промена на парадигмата** | Степен до кој предложената активност може да предизвика влијание кое нема да биде само еднократна инвестиција на тој проект или програма<br>• Потенцијал за зголемување или реплицирање на проектот, како и севкупен придонес кон глобален нискојаглероден развој согласно целта зголемувањето на температурата да е помалку од 2 степени Целзиусови (само ублажување);<br>• Потенцијал за знаење и учење;<br>• Придонес за создавање на овозможувачка средина;<br>• Придонес за регулаторната рамка и политики;<br>• Севкупен придонес за развој отпорен на климата усогласен со стратегиите и плановите на државата за адаптација на климатските промени (само адаптација). |
| **Потенцијал за одржлив развој** | Пошироки придобивки и приоритети, вклучително и еколошки, социјални и економски придружни придобивки како и влијание врз развојот со земање предвид на родовите прашања |
| **Потребите на примателот** | Ранливост и потреби за финансирање на земјата-корисник и на населението во целната група:<br>• Ранливост на земјата (само адаптација);<br>• Ранливи групи и родови аспекти (само адаптација);<br>• Ниво на економски и социјален развој на државата и на популацијата која е под влијание на проектот;<br>• Отсуство на алтернативни извори на финансирање;<br>• Потреба за зајакнување на институциите и на капацитетот за спроведување. |

**Слика 9.** Критериуми за инвестирање на ЗКФ

| Критериум | Дефиниција |
|---|---|
| **Сопственост на државата** | Сопственост од страна на земјата-корисник и капацитет да се спроведе финансираниот проект или програма (политики, климатски стратегии и институции):<br>• Постоење на национална климатска стратегија и кохерентност со постојните политики;<br>• Капацитет на акредитираните субјекти или на извршните субјекти да го спроведат проектот;<br>• Соработка со граѓанските организации и со други релевантни засегнати страни. |
| **Ефикасност и ефективност** | Економска и, доколку е применливо, финансиска издржаност на програмата/проектот, и трошковна ефективност и кофинансирање за програми/проекти наменети за ублажување:<br>• Трошковна ефективност и ефикасност во врска со финансиски и нефинансиски аспекти;<br>• Износ на кофинансирање;<br>• Финансиска оддржливост на програмата/проектот и други финансиски индикатори;<br>• Најдобри практики од индустријата. |

**Извор:** ЗКФ, 2019

## 3.5 Повици на Зелен климатски фонд за предлог-проекти

ЗКФ има три програми за поддршка кои ќе објавуваат Повици за предлог-проекти:

1. **Пилот програми за микро, мали и средни претпријатија.** Оваа програма е формирана во 2016 година како дел од Фондот за приватниот сектор. Има цел да ги поддржи микро, малите и средни претпријатија да се справат со предизвиците при ублажување и адаптација.

2. **Подобрување на директниот пристап.** Во 2016 година, Одборот на ЗКФ одобри првичен износ од 200 милиони УСД за 10 пилот проекти во рамките на активноста Подобрување на директниот пристап, од кои најмалку 4 ќе се спроведат во малите островски држави во развој, најмалку развиените земји и во африканските држави. Целта на оваа активност за Подобрување на директниот пристап е да го спушти одлучувањето на ниво на акредитиран субјект, а истовремено да обезбеди силна сопственост од страна на државата и вклученост на повеќе засегнати страни.

3. **Мобилизирање средства за пилот програмата за повторување на проекти во поголеми размери.** Одборот на ЗКФ има обезбедено до 500 милиони УСД за оваа програма во која се идентификуваат иновативни проекти и програми со големо влијание кои мобилизираат инвестиции од приватниот сектор за активности поврзани со климатските промени.

Предлог-проектите за финансирање кои се доставуваат при Повиците за предлог-проекти на ЗКФ треба да се изработат и доставаат од страна на акредитирани субјекти и да одговараат на рамката за инвестирање и политиките на Фондот. Тие исто така треба да се усогласени со начелата за сопственост на државата, односно треба да го следат проектниот циклус и процедурата „Без-приговор“ објаснета во Дел 6.

# 4. Одговорности на Националниот назначен орган

**Слика 10.** Опсег на улогата на ННО




**Извор:** ЗКФ, 2019

**Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата одговорен за економски прашања** е националниот назначен орган (ННО) за Зелениот климатски фонд во Северна Македонија. Неговата клучна функција е да служи како службена точка за комуникација со ЗКФ за да обезбеди сопственост на државата во сите активности финансирани од ЗКФ во Северна Македонија.

Кабинетот е одговорен за целосна координација на економските сектори во националните институции за соодветно усогласување со националните приоритети, стратегии и политики. Кабинетот е исто така одговорен за координација и спроведување на активностите кои произлегуваат од договорите на Северна Македонија со релевантните меѓународни финансиски и економски институции, за координација на спроведувањето на процесите поврзани со структурните реформи и влијанијата на правните акти врз деловната заедница во земјата.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија исто така е одговорен и за политиките за одржлив развој како и за координирање на спроведувањето и мониторинг на Агендата за одржлив развој и на Целите за одржлив развој (ЦОР). Заменикот на претседателот на Владата, дел од одговорностите ги доделува на Националниот совет за одржлив развој (НСОР) како политичко тело, кое ги предводи активностите за постигнување на релевантните цели и таргети за одржлив развој; заменикот на претседателот на Владата претседава со НСОР.

Тимот на ННО врши работни активности поврзани со ЗКФ во Кабинетот на Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија одговорен за економски прашања. Покрај тоа, од Министерството за животната средина и просторно планирање назначени се членови во тимот на техничката точка за контакт на ННО, за да дадат експертско мислење за техничките прашања во врска со климатските промени.

Одговорностите на ННО се:

- **Да врши стратешки надзор:**
  - Да обезбеди проектите финансирани од ЗКФ да се во согласност со националните цели, рамки, стратегии и политики за одржлив развој и клима.

- Да врши стратешки надзор над спроведувањето на проектите и програмите финансирани од ЗКФ.

- **Да ги свикува националните засегнати страни за да ги идентификуваат приоритетите за финансирање од страна на ЗКФ:**
  - Да ги свикува сите релевантни национални и поднационални државни, приватни и граѓански субјекти за подготовка на Работната програма за земјата за соработка со ЗКФ или за други прашања поврзани со климатските финансии за кои се потребни национални консултации.
  - Да објавува повици за проектни идеи и концептни белешки со цел да се креира проектното портфолио за Работната програма за земјата согласно одобрениот распоред за ажурирање и ревизии на Работната програма за земјата.
  - Да ја потврдува предложената Работна програма за земјата и проектното портфолио со Националниот совет за одржлив развој и Владата.
  - Да пренесува информации и ја подига свеста на сите засегнати страни во врска со климатското финансирање и ЗКФ;
  - Да обезбеди вклучување на засегнати страни кои ги претставуваат жените и децата и другите ранливи групи и засегнати страни во неповолна положба при подготвувањето и/или спроведувањето на активностите на засегнатите страни, согласно Политиката за домородни народи, Политиката и Акцискиот план за родови прашања и другите релевантни процедури и политики на ЗКФ.
  - Да обезбеди редовно ажурирање на Работната програма за земјата и на проектното портфолио.

- **Да номинира субјекти за директен пристап:**
  - Да соработува со потенцијални државни, приватни и невладини субјекти кои се заинтересирани за акредитација за директен пристап.
  - Да издава писма за номинација на субјекти за акредитација за директен пристап до Фондот, избрани согласно националните стратешки приоритети.

- **Да ја спроведува процедурата „Без-приговор“ за предлог-проектите за финансирање:**
  - Да предводи во спроведувањето на процедурата „Без-приговор“, да соработува и да им дава поддршка на членовите на националниот механизам за координација согласно процедурата.
  - Да врши административна проверка и проверка на подобноста на проектните идеи и на концептните белешки.
  - Да ја води и координира техничката проценка на концептни белешки и на предлог-проекти за финансирање од страна на членовите на Стратешкиот советодавен комитет (ННО-ССК) и Секторската работна група (СРГ).
  - Да издава писма за прифаќање за одобрените концептни белешки;
  - Да ги поддржи акредитираните субјекти при претставување на концептни белешки/предлог-проекти за финансирање пред националниот Совет за одржлив развој (НСОР).
  - Да врши проверка за писмо „Без-приговор“ врз предлог-проектите за финансирање.
  - Да издава писма „Без-приговор“ за Фондот за подготовка на проекти и за предлог-проекти за финансирање кои биле одобрени во процедурата „Без-приговор“.
  - Да обезбеди посветеност и тесна координација со АС при изработката на целосни предлог-проекти за финансирање.
  - Да доставува до Владата предлози за кофинансирање на проекти.

- **Да ја насочува употребата на средствата за поддршка и подготвеност:**
  - Со (незадолжителна) поддршка од партнерите за реализација, да ги идентификува потребите за подготвеност и подготвителна поддршка во Северна Македонија, да изработува и да поднесува предлог-проекти за подготвителна поддршка до ЗКФ, и да предводи при спроведувањето на активностите за подготвеност.

# 5. Механизам за координација во земјата

**Механизмот за координација обезбедува систематизација на вклученоста на засегнатите страни и на процесот на одлучување**. Механизмот му помага на ННО за ефективно спроведување на задачите, особено за идентификација на приоритетите за финансирање од ЗКФ, како и при подготовка на Работната програма за земјата, спроведување на процедурата „Без-приговор", номинирање на субјекти со директен пристап и други негови функции. .

**Механизмот за координација во Северна Македонија се состои од:**

- Националниот назначен орган (ННО);
- Стратешкиот советодавен комитет (ННО-ССК);
- Секторските работни групи (СРГ);
- Националниот совет за одржлив развој (НСОР);
- Владата.

Слика 11. Механизам за координација на ЗКФ и прашања поврзани со климатски финансии во Северна Македонија



## 5.1 Стратешки советодавен комитет

Стратешкиот советодавен комитет (ННО-ССК) се состои од претставници од институциите најрелевантни за соработката со ЗКФ. Покрај четворица претставници од тимот на ННО, во ННО-ССК учествуваат шест претставници од следните институции (во Прилог 4 е претставен Деловникот за работа):

- **Министерство за финансии – 2 претставници:**
  - Државен секретар
  - Државен советник од Секторот за буџети и фондови
- **Секретаријат за европски прашања (СЕП) – 2 претставници:**
  - Сектор за координација на европски фондови
  - Сектор за интеграции
- **Министерство за животната средина и просторно планирање- 2 претставници:**
  - Државен секретар од Министерството за животна средина и просторно планирање
  - Државен советник за климатски промени

**Одговорностите на ННО-ССК се:**

- Да му помага на ННО при спроведување на процедурата „Без-приговор“:
  - Да придонесува за оценување на подобноста на проекти преку обезбедување на специфична експертиза за финансиски прашања и прашања поврзани со КП, како и за прашања поврзани со еднакви можности;
  - Да врши непристрасна приоретизација на проектите преку усогласување на проектите со националните приоритети;
  - Да ги прегледува сите аспекти на концептните белешки и на предлог-проектите за финансирање согласно критериумите за техничка проценка;
- Проверува дали има удвојување со други активности и проекти за климатски промени и помага при координација на донаторите за прашања поврзани со климатските промени;
- Му помага на ННО за координација и работа со засегнати страни;
- Го поддржува ННО при мониторинг на финансиските и техничките аспекти при спроведување на проекти;
- Го поддржува ННО при оценување на субјектите со директен пристап (СДП).

Доколку е потребно за конкретни предлог-проекти, ННО-ССК може да побара средба на Секторската работна група (СРГ) за определен проект/сектор.

## 5.2 Секторски работни групи

Секторските работни групи (СРГ) може да се формираат на барање на ННО-ССК на ад-хок основа и зависно од тоа кој сектор е во фокусот на работата. Секторската работна група ќе содржи експерти од надлежните министерства и од државните органи. Доколку за некои сектори веќе има формирано ад-хок работни групи за потребите на Националниот совет за одржлив развој (НСОР), ННО-ССК секогаш кога е можно ќе соработува со тие работни групи.

**Главните одговорности на СРГ се:**

- На барање на ННО-ССК, да придонесува во техничките дискусии и при оцена на проекти преку давање релевантни информации (на ад-хок основа)
- Да го советува ННО-ССК за технички и оперативни прашања во конкретни сектори (транспорт, енергетика, управување со води, управување со отпадот, земјоделство, шумарство, природа и биолошката разновидност, управување со земјиштето, здравство, културно наследство, родови аспекти и прашања во врска со ранливите групи итн.).

## 5.3 Национален совет за одржлив развој

НСОР е составен од министри и високи претставници на многу релевантни владини тела, претставници на бизнис секторот и на академските установи. Ова создава широка платформа која дава можност за разгледување на сите аспекти на одредена инвестиција што треба да се предложи до ЗКФ како и за донесување одлуки, земајќи ги предвид потребите и очекувањата на сите засегнати страни. Дополнителна вредност на НСОР е што тој исто така претставува и платформа за подигање на свеста за теми поврзани со климатските промени и целите за одржлив развој.

**Националниот совет за одржлив развој (НСОР) ги има следните задолженија:**

- Го верификува процесот на приоретизиција во рамките на Работната програма за земјата;
- Му помага на ННО да ги координира засегнатите страни;
- Му помага на ННО да ја подобрува информираноста за климатските промени и ЦОР.

Покрај тоа, НСОР има формирано **Техничка работна група (ТРГ)** која претставува мултисекторско тело за давање на технички совети и стручно знаење за одредени прашања. ТРГ веќе има претставници од надлежните министерства кои ја претставуваат работата на своите институции која е во врска со одржливиот развој. ННО може да побара ад-хок поддршка од членовите на ТРГ во форма на техничка експертиза во рамките на нивниот мандат, за сектори кои се од интерес.

## 5.4 Владата

Владата на Република Северна Македонија е највисок одлучувачки орган во државата за сите прашања, вклучително и за прашања поврзани со ЗКФ и климатските финансии. Неа ја претставува претседателот на Владата и сите министри во Владата.

**Владата на Република Северна Македонија го врши следното:**

- Ја одобрува финалната Работна програма за земјата;
- Одобрува финални предлог-проекти за издавање писмо „Без приговор";
- Конечно одобрување на препорачаните субјекти со директен пристап и издавање писмо за номинација на субјект со директен пристап.

# 6. Работна програма за земјата и проектен циклус

Работната програма за земјата и проектниот циклус претставува процес за стратешко ангажирање и програмирање кој го предводи ННО, и за кој се потребни континуитет и циклични активности од релевантните засегнати страни. При тоа, различните процеси се организирани околу четири клучни фази, како што е опишано на слика 12 подолу. На слика 13 се резимирани главните чекори кои се предвидени за секоја од четирите фази.

**Слика 12.** Фази на соработката со Зелениот климатски фонд во Република Северна Македонија




**Фаза 1. Подигање на свеста и вклучување на засегнатите страни**. Во оваа фаза, ННО соработува со националните засегнати страни за прашања поврзани со ЗКФ преку билатерални и мултилатерални консултации и отворени повици за доставување проектни идеи со цел да се подготви првичното портфолио со проекти.

**Фаза 2. Стратешка приоретизација и изработка на програма.** Во оваа фаза, ННО со поддршка од ССК, води постапка за проверка на подобноста и приоретизација на поднесените проектни идеи. Избраните приоретизирани проекти ќе се разработат во концептни белешки и ќе го сочинуваат проектното портфолио кое е дел од Работната програма за земјата, потврдена од НСОР и одобрена од Владата.

**Фаза 3. „Без-приговор“ и пристап до финансии**. Во оваа фаза, ННО, со поддршка од ССК, ја води техничката проценка на поднесените концептни белешки и/или предлог-проекти за финансирање, и доколку истите добијат позитивна проценка и се одобрени од Владата, за нив издава писма „Без-приговор“.

**Фаза 4. Спроведување и научени лекции**. Оваа фаза овозможува ННО да ги интегрира лекциите научени од претходните фази и од спроведувањето на одобрените проекти во следната верзија на Работната програма за земјата и на проектниот циклус.

**Слика 13.** Работна програма за земјата и проектен циклус




**ННО** Национален назначен орган

**ННО+ССК** Стратешки советодавен комитет

**НСОР** Национален совет за одржлив развој

**СРГ (SWG)** Секторски работни групи

**ТРГ** Техничка работна група

## 6.1 Фаза 1: Подигање на свеста и вклучување на засегнатите страни

Подигањето на свеста на националните засегнати страни за прашања поврзани со климатска акција и достапните извори на климатски финансии, како и вклучувањето на овие засегнати страни во консултативните процеси не е само приоритет за ЗКФ, туку и потреба за да се обезбеди вистинска сопственост и одржливост на климатските инвестиции на национално ниво.

Оваа фаза ги содржи следните чекори::

- Чекор 1а: Консултации со повеќе засегнати страни и билатерални дискусии
- Чекор 1б: Повици за поднесување предлог-проекти.

**Слика 14.** Фаза 1: Подигање на свеста и вклучување на засегнатите страни




*Чекор 1а: Консултации со повеќе засегнати страни и билатерални дискусии*

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | Тековно |
| **Одговорен орган** | ННО со поддршка од НСОР |

Кабинетот на Заменикот на претседателот на Владата и ННО ќе ги користат можностите за вклучување на засегнатите страни на национално и локално ниво, меѓу кои локалните и националните државни институции, приватниот сектор, граѓанскиот сектор и академските установи, за да се разговара за приоритетите и потребите на државата, како и да се искористи традиционалното знаење, особено на теми поврзани со практиките за адаптација.

Во овој контекст, ННО редовно ќе организира национални/поднационални консултации за да се соберат и систематизираат мислењата и очекувањата за соработката со ЗКФ. Овие консултации, ќе бидат уште поважни при изработка и ажурирање на Работната програма за земјата со цел да се обезбеди усогласеност со националните приоритети кои се наведени во постоечки стратешки документи и политики. За оваа цел, ННО ќе ја искористи и платформата на НСОР за да повика повеќе засегнати страни и да ги вклучи во оваа дискусија.

Покрај тоа, на барање, ННО ќе спроведува билатерални состаноци со засегнатите страни со цел да ги сподели специфичностите и можностите за работа со ЗКФ и да истражи конкретни опции за партнерство при планирање и спроведување на климатски инвестиции и поконкретно да идентификува можности за кофинансирање на овие инвестиции.

*Чекор 1б: Повици за поднесување предлог-проекти*

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | Отворен 45 дена |
| **Одговорен орган** | ННО со мислење на ССК |

**ННО секои две години ќе објавува повици за прибирање на проектни идеи** со цел да добие мислења за приоритетните сектори и засегнати страни, а во врска со потенцијалните проекти кои треба да се разработат за идна соработка со ЗКФ.

**ННО ќе го користи образецот Белешка за проектна идеја** (Прилог 5). Подносителите на проекти може да го користат овој образец за поднесување на нивните проектни идеи до ННО. Доколку проектот е веќе во понапредна фаза, подносителите може исто така да доставaт и концептна белешка или предлог-проект за финансирање со користење на обрасците на ЗКФ. Белешката за проектна идеја не треба да надминува 5 страници, без прилозите, и треба да се достави на англиски јазик со употреба на онлајн образецот достапен на www.greendevelopment.mk.

**ННО треба да ги објави условите и критериумите за оценување на поднесените предлог-проекти за финансирање**, така што сите подносители ќе имаат доволно и транспарентни информации за подготовка на проектни идеи/концептни белешки/предлог-проекти за финансирање. Во повикот за проектни идеи кој ќе биде објавен и на интернет-страницата на ННО (www.greendevelopment.mk), ННО треба да ги вклучи и сите упатства за поддршка, односно сите обрасци и водичи за нивно пополнување, Водичот за ЗКФ, Рамката со резултати на ЗКФ и Рамката за мерење на успешноста, Еколошките и социјални гаранции и Политиката за родови прашања.

**Повиците ќе бидат со важност 45 календарски дена**, освен ако ННО не утврди поинаку. Повиците за проектни идеи треба да бидат јавни и во нив ќе учествуваат колку што е можно повеќе засегнати страни. Поднесените проектни идеи ќе се користат за изработка и повремено ажурирање на Работната програма за земјата и на проектното портфолио.

**ННО ќе прифати и спонтано поднесување на проектни идеи, концептни белешки и предлог-проекти за финансирање** од акредитираните субјекти и од националните засегнати страни во периодите кога нема активни повици за проектни идеи (кои ќе се објавуваат на две години) со цел да обезбеди постојано развивање на проектното портфолио за земјата и да го олесни пристапот до ресурсите на ЗКФ. Без оглед кога се поднесени, ННО треба да ги спроведе сите фази за обезбедување квалитет и да ги оцени сите проектни идеи, концептни белешки и предлог-проекти за финансирање согласно сите критериуми претставени во фаза 2 и 3.

Доколку подносител на проект достави повеќе од една проектна идеја/концептна белешка/предлог-проект за финансирање до ННО, за секој од овие предлог-проекти поединечно ќе се спроведуваат постапките на разгледување и проверка на квалитет и секој ќе се разгледува независно од останатите.

## 6.2 Фаза 2: Стратешка приоретизација и изработка на програма

По истекот на утврдениот временски рок за доставување предлог-проекти и по приемот на проектните идеи, ННО ќе започне со анализа согласно дефинираните критериуми во два чекори:

- Чекор 2а: Административна проверка и проценка на подобност;
- Чекор 2б: Стратешка приоретизација и изработка/ажурирање на Работната програма за земјата.

Слика 15. Фаза 2: Стратешка приоретизација и изработка на програма




*Чекор 2а: Административна проверка и проценка на подобност*

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | 2 недели |
| **Одговорен орган** | ННО |

**ННО ќе спроведе првична административна проверка** за да провери дали поднесените проектни идеи се во согласност со условите на повикот и дали се пополнети сите делови од образецот за проектната идеја со релевантни информации.

**ННО потоа ќе ги оцени проектните идеи согласно критериумите за прифатливост**, кои се претставени на слика 16.

**Поднесените проектни идеи треба да ги исполнуваат сите четири критериуми за подобност**. Доколку при оценката, одговорот на барем еден од критериумите за оценка е „Не“, проектната идеја ќе биде одбиена. Проектните идеи кои ги имаат исполнето критериумите за подобност ќе бидат вклучени во Работната програма за земјата и се категоризираат согласно критериумите за приоретизација кои се разгледуваат во следниот чекор (слика 17).

**Слика 16.** Критериуми за проценка за подобноста на проектните идеи

| Критериуми за подобност | Оценка |
|---|---|
| Дали целите на проектната идеја се усогласени со целите на националните политики и стратегии за климатски промени? | ☐Да<br>☐Не |
| Дали проектната идеја е усогласена со релевантните национални развојни индикатори, политики и институционални рамки? | ☐Да<br>☐Не |
| Дали проектната идеја е во согласност со најмалку една од осумте стратешки области на ЗКФ? | ☐Да<br>☐Не |
| Дали проектната идеја обработува прашања релевантни за вклучување на родовите прашања и прашања поврзани со други ранливи групи? Дали опишува како ублажувањето/отпорноста на климатските промени еднакво влијае врз мажите и жените? Дали обезбедува активностите на проектот да носат еднакви придобивки и за жените? | ☐Да<br>☐Не |

**ННО, за својата одлука во врска со проектната идеја ќе го извести подносителот на истата.** ННО треба да достави писмо за потврда (Прилог 6) до подносителите чии проектни идеи ги исполнуваат критериумите за подобност. Подносителите на прифатените идеи ќе бидат охрабрени да воспостават партнерство со акредитиран субјект (доколку самите не се акредитирани) и да ја разработат својата идеја во концептна белешка согласно образецот на ЗКФ и во консултации со ННО.

За проектните идеи кои не ги исполнуваат критериумите за подобност, ННО треба да испрати писмо за одбивање (Прилог 7) со препораки за подобрување и евентуално повторно поднесување во подоцнежна фаза.

*Чекор 2б: Стратешка приоретизација и изработка/ажурирање на Работната програма за земјата*

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | 2 недели |
| **Одговорен орган** | ННО+ССК |

Проектните идеи кои поминале на проверката за подобност понатаму ќе бидат дел од процесот на **стратешка приоретизација** кој го спроведува ННО заедно со Стратешкиот советодавен комитет (ССК) и доколку е потребно со помош од секторските работни групи (СРГ).

**Процесот на стратешка приоретизација се заснова на 8 критериуми:**

- Пр_К 1: Пристап на проектот;
- Пр_К 2: Капацитет на субјектите што ќе го спроведуваат проектот;
- Пр_К 3: Предвидено времетраење на проектот;
- Пр_К 4: Статус на проектната идеја;
- Пр_К 5: Потенцијал да го поддржи процесот за пристапување во ЕУ ;
- Пр_К 6: Цели на проектот кои се во согласност со националните приоритетни ЦОР;
- Пр_К 7: Кохерентност со националните стратегии за климатски промени;
- Пр_К 8: Потенцијал за влијание (прелиминарна оценка).

Овој процес има цел да го оцени нивото на подготвеност и издржаност на предлог-проектот и неговата усогласеност со контекстот во државата и со Рамката за мерење на успешноста на ЗКФ (ЗКФ, 2014) [4]. Во Прилог 8 е опишан секој критериум, индикатор и скалата за рангирање, од 0 (најмалку) до 3 (најмногу) поени по критериум.

Слика 17. Критериуми за приоретизација

| Критериум | | Индикатор |
|---|---|---|
| Пр_К 1 | **Пристап на проектот** | Кохерентен опис на проблемот и на климатската оправданост, целите на проектот и очекуваните резултати (ниво на кохерентност и релевантни податоци вклучени во проектната идеја) |
| Пр_К 2 | **Капацитет на субјектите што ќе го спроведуваат проектот** | Ниво на искуство и вештини на субјектите/партнерите за спроведување на проектот (овој индикатор е релевантен за целиот конзорциум кој работи на спроведување - за сите партнери) |
| Пр_К 3 | **Проценето времетраење на проектот** | Временска рамка за времетраење на предложените активности |
| Пр_К 4 | **Статус на проектната идеја** | Моментален статус на проектната идеја/степен на разработка |
| Пр_К 5 | **Потенцијал да го поддржи националниот процес за пристапување во ЕУ** | Број на одредници на ЕУ што треба да се постигнат со имплементацијата на проектот и негово влијание |
| Пр_К 6 | **Цели на проектот кои се во согласност со националните приоритетни ЦОР** | Број на ЦОР врз кои влијае или чие постигнување е поттикнато од спроведувањето на проектот |
| Пр_К 7 | **Кохерентност со националните стратегии за климатски промени** | Кохерентност и усогласеност на целите на проектот со приоритетите кои веќе се наведени во националните климатски политики и стратегии |
| Пр_К 8 | **Потенцијал за влијание (прелиминарна оценка).** | 1. Прелиминарна проценка на потенцијалот за ублажување ($tCO_2eq$ во текот на животниот век на проектот).<br>2. Прелиминарна проценка на потенцијалот за адаптација (број на директни и индиректни корисници како % од вкупното население).<br>3. Родова еднаквост и потенцијал за влијание одделно врз жените и мажите како и врз ранливите групи |

**Пакетот за проектот, ННО ќе го достави до членовите/замениците на ССК.** Пакетот ќе ја содржи проектната идеја/концептната белешка/целосниот предлог-проект и дополнителната документација за да се спроведе приоретизација, согласно утврдените критериуми за приоретизација. ННО исто така, најмалку две недели однапред, треба да ги извести членовите/замениците на ССК за датумите на кои ќе има средби и да им го достави предлог дневниот ред.

4 Анекс VIII: Рамка за мерење на ефикасноста на мерките за ублажување и адаптација, 2014

**Секој член на ССК треба да изврши проценка на проектната идеја/концептната белешка/целосниот предлог-проект**, согласно критериумите за приоретизација и електронски да ги достави резултатите и коментарите до ННО, однапред, пред состанокот на ССК.

**Откако секој член на ССК поединечно ќе го разгледа предлог-проектот,** ССК ќе се состане со цел да разговара за поединечните мислења на членовите и да се усогласи околу севкупната оценка на ССК, врз основа на поените доделени од секој од членовите. За да одлучува, состанокот на ССК треба да има кворум кој ќе биде потврден од ННО и да го следи деловникот опишан во Прилог 4. Вкупниот збир на поени кои може да ги добие некој проект е 24 поени.

**Проектните идеи се групираат во три категории** според добиениот резултат/бодови во зависност од квалитетот/комплетноста/издржаноста на предлог-проектот:

- **Група А (резултат од 17–24 поени)** – Проектни идеи/концептни белешки/предлог-проекти за финансирање со повисок квалитет, категоризирани како прв приоритет за поднесување до ЗКФ.
- **Група Б (резултат од 8–16 поени)** – Проектни идеи со одреден квалитет, но сепак бараат дополнителна доработка пред да бидат поднесени.
- **Група В (резултат од 0–7 поени)** – Проектни идеи што се подобни, но бараат значителна доработка пред да бидат поднесени до ЗКФ за почетно разгледување.

**ННО ќе ги информира подносителите како ССК ги оценил предлог-проектите** со цел добиените информации да се земат предвид при изработката на концептните белешки. ННО ќе им помогне на акредитираните субјекти и на националните подносители на проекти да ги идентификуваат најсоодветните партнери за разработка на концептни белешки и/или предлог-проекти за финансирање. ННО исто така ќе им даде упатства за проектниот циклус на ЗКФ.

**Проектните идеи/концептни белешки/предлог-проекти за финансирање ќе го сочинуваат проектното портфолио на Работната програма за земјата**, наведени по редослед согласно вкупните поени од приоретизацијата. Работната програма за земјата ја изработува ННО во консултативен процес. Таа е стратешката рамка согласно која земјата соработува со ЗКФ. Таа се заснова врз главните национални развојни и климатски стратегии, планови и активности. Нејзината цел е да утврди приоритети за инвестирање и стратешки иницијативи за користење на средствата од ЗКФ. Проектното портфолио е еден од главните делови на Работната програма за земјата.

**Работната програма за земјата се состои од три главни дела**:

- Профил на државата - опис на главната ранливост и трендовите во однос на климатските промени, развојни индикатори и трендови, како и главни политики за развој во областа на климатските промени;
- Агенда на државата и соработка со ЗКФ – опис на главните засегнати страни и институционална поставеност за соработка со Фондот, приказ на приоритетите на државата и проектното портфолио за ЗКФ.
- Мониторинг и евалуација - процес и распоред за ревидирање и ажурирање на документот.

**ННО ќе ја претстави Работната програма за земјата пред Националниот совет за одржлив развој (НСОР)** кој треба да ја одобри и да препорача нејзино

конечно одобрување од Владата на Република Северна Македонија. Заменикот претседател на Владата, во улога на ННО и претседавач на НСОР, го свикува и претседава со состанокот на Советот на кој се разгледува и потврдува Работната програма и проектното портфолио.

**Работната програма за земјата е замислена да биде „жив“ документ**, односно да биде флексибилна рамка која подлежи на повремени ревизии и прилагодувања со цел да ги одразува најновите случувања. Работната програма ќе биде со важност од 5 години, но ННО ќе го ажурира проектното портфолио на секои 2 години, со цел да вклучи нови предлог-проекти добиени за објавените Повици за предлог-проекти или добиени спонтано од потенцијалните подносители во кое било време.

## 6.3 Фаза 3: „Без-приговор“ и пристап до финансии.

Во оваа фаза, акредитираните субјекти до ННО ќе доставаат концептни белешки со цел да добијат писмо за прифаќање. Поднесувањето на концептни белешки не е задолжително, освен доколку не се применува Поедноставен процес на одобрување (видете Дел 3.3. за дополнителни информации), и акредитираните субјекти може да го прескокнат овој чекор и може да доставаат предлог-проект за финансирање со цел да добијат писмо „Без-приговор“. Во секој случај ННО треба да обезбеди дека и концептната белешка и предлог-проектот за финансирање ќе поминат низ фазата за техничка проценка и финална проверка пред да добијат писмо за „Без-приговор“.

- Чекор 3а: Техничка проценка на концептни белешки/предлози за финансирање
- Чекор 3б: Последна проверка за „Без-приговор“

**Слика 18.** Фаза 3: „Без-приговор“ и пристап до финансии.




**ННО треба да обезбеди дека концептните белешки/предлог-проектите за финансирање се оценети согласно сите критериуми за проценка**, имено за подобност, приоретизација и техничка проценка без оглед дали биле поднесени спонтано или како резултат на повик за поднесување предлог-проекти.

### *Чекор 3а: Техничка проценка на концептни белешки/предлози за финансирање*

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | 3-4 недели |
| **Одговорен орган** | ННО+ССК |

Акредитираните субјекти заедно со нивниот национален партнер за реализација треба да достават концептни белешки/предлог-проекти за финансирање во обрасците на ЗКФ.

**Техничката оценка на концептни белешки/предлог-проекти за финансирање се врши согласно шест критериуми:**

- К1: Потенцијал за влијание на проектот;
- К2: Потенцијал за промена на парадигмата;
- К3: Потенцијал за одржлив развој;
- К4: Релевантност за потребите на земјата;
- К5: Сопственост на државата;
- К6: Ефикасност и ефективност.

**Слика 19.** Критериуми за техничка проценка

| Критериум | | Тежина | Подкритериуми | | Макс. поени за подкритериуми | Вкупен резултат за критериуми |
|---|---|---|---|---|---|---|
| К1 | Потенцијал за влијание на проектот | 5 | К1.1 | Потенцијал за влијание | 15 | 30 |
| | | | К1.2 | Ублажување на еколошките и социјалните ризици | 15 | |
| К2 | Потенцијал за промена на парадигмата | 5 | К2.1 | Долгорочна промена на политичко/стратешко ниво како резултат на спроведувањето на проектот | 15 | 45 |
| | | | К2.2 | Потенцијал за зголемување, реплицирање, стекнување знаење и учење | 15 | |
| | | | К2.3 | Потенцијал за иновативност | 15 | |
| К3 | Потенцијал за одржлив развој | 4 | К3.1 | Еколошки придобивки | 12 | 36 |
| | | | К3.2 | Економски и социјални придобивки | 12 | |
| | | | К3.3 | Родови придобивки | 12 | |
| К4 | Релевантност за потребите на земјата | 4 | К4.1 | Ниво на економски и социјални придобивки за целната популација | 12 | 36 |
| | | | К4.2 | Достапност на извори на финансиски средства | 12 | |
| | | | К4.3 | Потреби за зајакнување на институционалните капацитети | 12 | |
| К5 | Сопственост на државата | 3 | К5.1 | Кохерентност со националната стратешка, регулаторна и правна рамка за климатски промени | 9 | 27 |
| | | | К5.2 | Усогласеност со националните развојни индикатори, овозможувачките политики и институционалната рамка | 9 | |
| | | | К5.3 | Консултации со засегнатите страни | 9 | |
| К6 | Ефикасност и ефективност | 3 | К6.1 | Ефикасност и ефективност на проектот | 9 | 27 |
| | | | К6.2 | Капацитет на подносителот да обезбеди кофинансирање | 9 | |
| | | | К6.3 | Применети технологии со најдобри практики | 9 | |

Секој критериум има определена тежина која му е доделена со цел да се одрази неговата важност при севкупната оценка во однос на приоритетите на државата. Тежинските фактори се утврдија во дискусии со засегнатите страни и се во согласност со моменталните национални приоритети. Тие може да се променат во зависност од промените во националните приоритети за инвестирање. На слика 19 може да се видат сите технички критериуми и нивната тежина, подкритериумите и максималниот број поени за секој подкритериум. Во Прилог 9 е даден целосен опис и индикатори.

**Членовите на ССК треба да ги оценат примените концептни белешки/предлог-проекти за финансирање во рок од две недели** и електронски до ННО да ги достават резултатите од нивната оценка. По ова ННО ќе свика средба на ССК со цел да се разгледаат поединечните оценки и да се донесе конечна одлука која ќе произлегува од просечните оценки од секој оценувач. За да одлучува, на состанокот на ССК треба да има кворум кој ќе биде потврден од ННО и треба да се следи деловникот за работа опишан во Прилог 4.

Максималниот број поени што една концептна белешка/предлог-проект за финансирање може да го добие после техничката проценка е 201 поени. По техничката проценка на концептните белешки/предлозите за финансирање:

- Предлог-проектите кои добиле меѓу 130-201 поени се сметаат за **прифатени,**
- Подносителите на предлог-проекти кои добиле меѓу 80-129 поени добиваат **конкретни препораки за подобрување** и од нив ќе биде побарано повторно да го поднесат предлог-проектот што е можно побргу;
- Од подносителите на предлог-проекти со резултат помеѓу 0 и 79 поени се бара **темелно да го преработат образложението на предлог-проектот.**

**ННО ќе издаде писмо за прифаќање на концептните белешки кои имаат меѓу 130 и 201 поени** (Прилог 10). Концептните белешки кои имаат помалку од 130 поени ќе го добијат Писмото за прифаќање откако ќе ги земат предвид резултатите од техничката оценка и ќе ги спроведат препораките.

По техничката проценка, се ревидира проектното портфолио во Работната програма за земјата за да се утврди дали некои предлог-проекти ќе се поместат погоре или подолу во рамките на трите утврдени групи на приоритетни проекти во текот на Фаза 2б (Група А/Б/В). Оваа категоризација е индикативна и може да биде привремена затоа што предлозите можат да се движат (нагоре или надолу) и да излезат од некоја од групите согласно направените подобрувања и квалитет на предлог-проектот.

Штом акредитираниот субјект ќе добие писмо за прифаќање од ННО, концептната белешка може да се достави до секретаријатот на ЗКФ за анализа и добивање повратни информации. Доколку концептната белешка се достави до ЗКФ без писмо за прифаќање од ННО, секретаријатот на ЗКФ ќе бара потврда од ННО дека концептната белешка се совпаѓа со националните приоритети и е прифатена од целата држава (сопственост на државата). По прегледувањето, секретаријатот на ЗКФ ќе даде повратни информации и препораки до акредитираниот субјект и ќе го извести дали концептот е прифатен, не е прифатен но е со можност за повторно поднесување или е одбиен.

### *Чекор 3б: Последна проверка за „Без-приговор“*

Акредитираниот субјект заедно со извршните партнери го развиваат целосниот предлог-проект за финансирање. Тој треба да се изработи во образецот на ЗКФ и да ги содржи сите задолжителни дополнителни документи, како што се резултати од студии на изводливост, оценка на еколошките и социјалните влијанија, оценка на родовите аспекти и акциски планови, и писма со кои се обезбедува кофинансирање. Предлог-проектите за финансирање треба да ги содржат и коментарите и резултатите на техничката оценка на концептната белешка.

Акредитираните субјекти, **особено субјектите со директен пристап** може да аплицираат за поддршка од ЗКФ **преку Фондот за подготовка на проекти (ФПП)** за подготовка на проекти, **особено за микро до мали проекти**. Барањата до ФПП може да се достават или пред или по поднесувањето на концептната белешка. Честопати барањето до ФПП доаѓа по поднесувањето на концептната белешка. ННО треба да обезбеди писмо „Без-приговор“ за барањата до ФПП пред тие да се достават до ЗКФ. Во Дел 3.2 дадени се детали за количеството и опсегот на достапната поддршка.

**ННО ќе се сретне со акредитираниот субјект за да закаже претставување на проектот пред НСОР** и дополнителна разработка на предлог-проектот за финансирање. Акредитираниот субјект, заедно со партнерите за реализација, ќе разработат целосен предлог-проект за финансирање, преку вградување на резултатите од техничката оценка и коментарите од НСОР. Целосниот предлог-проект за финансирање треба да се достави до ННО за финална проверка и за добивање на писмо „Без-приговор“.

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | 2 недели |
| **Одговорен орган** | ННО |

**Последната проверка во процедурата „Без-приговор“ е последниот чекор за проверка на квалитетот** со цел ННО да издаде писмо „Без-приговор“ (слика 20). Доколку НСОР не добие важни коментари за предлог-проектот, ННО ќе ја заврши последната проверка во процедурата „Без-приговор“ со препорака до Владата да го одобри предлог-проектот.

**Слика 20.** Последна проверка за „Без-приговор“

| **Последна проверка за „Без-приговор“** | | |
|---|---|---|
| 1. Дали предлог-проектот е оценет како подобен (според критериумите за подобност)? | ☐ Да | ☐ Не |
| 2. Дали предлог-проектот е вклучен во Работната програма на Северна Македонија? | ☐ Да | ☐ Не |
| 3. Дали предлог-проектот е разгледуван/дали се консултирани целните заедници? | ☐ Да | ☐ Не |
| 4. Дали проектот е технички одобрен? | ☐ Да | ☐ Не |
| 5. Дали проектот ги има земено предвид сите коментари дадени при техничката проценка? | ☐ Да | ☐ Не |
| 6. Дали акредитираниот субјект го претставил предлог-проектот пред НСОР? | ☐ Да | ☐ Не |

**Откако предлог-проектот ќе биде одобрен од Владата на Република Северна Македонија, ННО ќе издаде писмо „Без-приговор“ за предлог-проектот за финансирање**. Образецот на писмото „Без приговор“ е обезбеден од страна на ЗКФ и писмото може да го пополни само регистриран потписник од ННО. Постојат два различни обрасци - за предлозите за ППО (Прилог 12) и за редовни предлог-проекти за финансирање (Прилог 13).

По добивање на писмото „Без-приговор“ акредитираниот субјект е одговорен за поднесување на предлог-проектот заедно со сите придружни документи, вклучувајќи го и писмото „Без-приговор“ до Секретаријатот на ЗКФ на разгледување. Акредитираниот субјект треба веднаш да го извести ННО за коментарите што ги добил од ЗКФ, како и дали предлог-проектот за финансирање е одобрен/одбиен од Одборот на ЗКФ. Доколку како резултат на коментарите од ЗКФ се променат опсегот/големината и образложението на предлог-проектот, акредитираниот субјект е должен да ги извести ННО и целните заедници за новата структура/опсег на предлог-проектот..

## 6.4 Фаза 4: Спроведување и споделување на научените лекции

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | Тековно |
| **Одговорен орган** | ННО+ССК |

ННО треба да обезбеди зајакнување на капацитетите на национално ниво како резултат од соработката со ЗКФ и националните засегнати страни да учат од лекциите стекнати за време на спроведувањето на проектот.

За таа цел, ННО треба да обезбеди акредитираните субјекти да ги споделуваат информациите за статусот на спроведување/завршување/влијанијата на проектот, и да ги следат следните неколку чекори:

а) Акредитираните субјекти до ННО треба да доставуваат Периодичен извештај за напредокот/Извештај за завршување во форма во која се доставени до ЗКФ; а на веб-страницата на ННО се објавува резиме на овие извештаи со цел да се прикаже напредокот во конкретниот проект.

б) Акредитираните субјекти и извршните субјекти треба да се грижат за информирање на целните заедници за спроведувањето на проектот, меѓу другото и преку свикување на состаноци со засегнатите страни.

в) По завршување на фазата на спроведување на проектот, акредитираните субјекти треба да одржат презентација пред НСОР за главните резултати од проектот и постигнатите влијанија, како и за лекциите научени во фазата на спроведување.

ННО ќе побара од акредитираниот субјект два пати годишно (на секои 6 месеци) да доставува кратко известување за спроведувањето на проектот. Сепак, доколку е потребно, ННО може во секое време да побара АС да достави извештај за спроведувањето на проектот. Со овие активности се затвора циклусот, што овозможува повторување на најдобрите практики и учење од важните лекции научени во текот на спроведувањето.

# 7. Акредитација за директен пристап

Поднационалните, националните или регионалните организации можат да станат субјекти со директен пристап (СДП) и да пристапат до ресурсите на ЗКФ директно без меѓународни посредници. За да станат субјекти со директен пристап, субјектот треба да биде номиниран од страна на националниот назначен орган (ННО) од државата во која планира да работи и да го помине процесот на акредитација за ЗКФ.

## 7.1 Услови за акредитација за ЗКФ

ЗКФ прифаќа дека има различни субјекти во однос на опсегот и природата на нивните активности, поради тоа ЗКФ, во стандардите и условите за акредитација следи пристап **„да одговара за намената“**. Тоа значи дека, покрај капацитетите, организациите кои аплицираат мора да докажат дека ги исполнуваат само тие стандарди и гаранции кои се потребни за спроведување на проектите кои сакаат да ги спроведуваат.

Организациите кои се заинтересирани за акредитација за субјект со директен пристап треба да ги исполнуваат следните услови:

- ✓ **Номинација од ННО** – мора да добијат писмо за номинација од ННО.
- ✓ **Фидуцијарни стандарди** – да ги исполнат основните и потребни специјализирани фидуцијарни стандарди, согласно проектите, фидуцијарните функции и финансиските инструменти кои планираат да ги користат (Прилог 14).
- ✓ **Еколошки и социјални гаранции (ЕСС)** – да ги исполнат осумте гаранции на ниво на институција и проект, во зависност од ризикот и големината на проектот што планираат да го спроведуваат (Прилог 2).
- ✓ **Политика за родови прашања** – да дадат докази за компетенции, политики и процедури за спроведување на Политиката за родови прашања на ЗКФ на ниво на институција и на ниво на проект (Прилог 3).

**Рамка 1. Подготвителна поддршка на ЗКФ за акредитација на субјекти со директен пристап**

Субјектите кои ги номинира ННО за субјекти со директен пристап (СДП) може да бидат подобни и за поддршка од ЗКФ.

Достапни се подготвителната поддршка и техничката помош за да им помогнат на националните, поднационалните и на регионалните субјекти со:

- Длабинска анализа на својот институционален капацитет, фидуцијарни стандарди, еколошки и социјални гаранции (ЕСС) и родови стандарди со цел да ги исполнат условите за акредитација за ЗКФ.
- Изработка и спроведување на персонализиран план за подготвеност и подготвителна поддршка со цел да се намалат идентификуваните недостатоци за исполнување на стандардите на ЗКФ и подготовка за акредитација.

Сите апликации за поддршка за подготвеност треба да ги направи ННО, дури и ако е за поддршка на субјект со директен пристап.

**Алатката за самопроценка** може да им помогне на заинтересираните организации да увидат дали ги исполнуваат основните услови за да бидат акредитирани субјекти. Со употреба на оваа алатка, организациите може да заштедат време и средства и уште во почетната фаза да утврдат дали ги исполнуваат барањата за акредитирање на ЗКФ.

Станува збор за онлајн прашалник кој ги води и им помага на организациите прелиминарно да го оценат:

- својот правен капацитет за да ги преземат активностите финансирани од ЗКФ;
- институционалната поставеност, нивните системи, политики, процедури и упатства;
- евиденција и систематска примена на нивните политики, процедури и упатства.

Кога се размислува за акредитација за ЗКФ, субјектите треба да одлучат која би била големината и категоријата на ризик на проектите за кои имаат капацитет и кои планираат да ги спроведуваат, и кои фидуцијарни функции и финансиски инструменти планираат да ги користат.

**Условите за акредитација се фокусираат на три главни елементи:**

- **Големина на проектот.** Проектите може да бидат од микро до големи, во зависност од нивната големина. Организациите мора да достават докази дека претходно управувале и спроведувале проекти од категоријата во која планираат да спроведуваат проекти со средства од ЗКФ. Доколку субјектот е акредитиран за конкретна големина на проекти, смее да спроведува проекти само до таа големина. Така на пример, доколку акредитација е одобрена за мали проекти, субјектот може да спроведува мали или микро проекти.
- **Проектни ризици.** ЗКФ разликува три категории на еколошки и социјални ризици (слика 21) и осум еколошки и социјални гаранции (ЕСС) со кои тие се намалуваат. Кога субјектите сакаат да спроведуваат проекти од конкретна категорија на ризик, мора да покажат докази дека практикувале и докази дека имаат Систем за управување со еколошки и социјални ризици како и други ЕСС со кои ќе се управува со ризикот од избраната категорија. Доколку субјектот е акредитиран за конкретно ниво на ризик, може да спроведува проекти и активности до тоа ниво на ризик (не со поголем ризик). На пример, доколку е одобрена акредитација за проекти со среден ризик (категорија Б), субјектот може да спроведува проекти со среден и со низок ризик.

Слика 21. Категории на ризик за проекти на ЗКФ

| Ниво на ризик | Дефиниција | Примери |
|---|---|---|
| Високо | **Категорија А.** Активности со потенцијално значајни негативни еколошки и/или социјални ризици и/или влијанија кои се разновидни, неповратни или дотогаш незабележани | Големи инфраструктурни проекти (на пр. транспорт, крајбрежна инфраструктура, брани, наводнување), енергетика (на пр. хидроелектрани, високоволтажни електрани), управување со земјиштето, активности во многу чувствителни подрачја на ниво на екосистеми и заедници. |
| Средно | **Категорија Б.** Активности со потенцијално умерени еколошки и/или социјални ризици и/или влијанија кои се малубројни, генерално ограничени на дадена локација, во голем дел повратни и кои лесно може да се неутрализираат со помош на мерки за ублажување. | Обновлива енергија, енергетската ефикасност, одржливи земјоделски практики, управување со води, нискојаглероден транспор |
| Ниско ниво на ризик / без ризик | **Категорија В.** Активности со минимални или без негативни еколошки и/или социјални ризици и/или влијанија. | Оценка на ранливоста, развојни политики и регулативи, програми за мониторинг, зајакнување на капацитети. |

Извор: ЗКФ, 2019

- **Фидуцијарни функции.** Сите организации кои сакаат да се акредитираат за ЗКФ мора да дадат докази дека ги исполнуваат основните фидуцијарни стандарди. Тие се однесуваат на главните административни и финансиски капацитети како и на барањата за транспарентност и отчетност. Покрај тоа, организациите мора да исполнат определени специјализирани фидуцијарни стандарди зависно од тоа која фидуцијарна функција и финансиски инструменти планираат да користат (Прилог 14). На слика 22 е даден пример за фидуцијарни функции и кои стандарди се потребни. На пример, доколку организацијата планира да доделува грантови како дел од своите проекти, мора да исполни посебни фидуцијарни критериуми за доделување на грантови и/или механизми за алокација на средства. Доколку некоја организација планира да управува со кредитни линии или да ги користи средствата од ЗКФ како гаранции или инвестиции во капитал, мора да ги исполни специјализираните фидуцијарни стандарди за подзаемање и/или кофинансирање.

**Слика 22.** Фидуцијарни стандарди на ЗКФ

| Планирани фидуцијарни функции | Основни фидуцијарни стандарди | Специјализирани фидуцијарни стандарди | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Управување со проекти | Доделување на грантови и/или механизми за распределба на средства | Подзаем/ кофинан-сирање |
| Зајакнување на институционалните и регулаторните системи | ✓ | | | |
| Спроведување на проекти со средства на ЗКФ, каде проектот го врши самиот субјект или друг субјект | ✓ | ✓ | | |
| Доделување грантови | ✓ | ✓ | ✓ | |
| Управување со кредитни линии со употреба на средства на ЗКФ | ✓ | ✓ | | ✓ |
| Подзаемање и/или кофинансирање со средствата на ЗКФ и средства од други изводи на финансирање | ✓ | ✓ | | ✓ |
| Употреба на средствата од ЗКФ за гаранции | ✓ | | | ✓ |
| Употреба на средствата од ЗКФ за инвестиции во капитал | ✓ | | | ✓ |

**Извор:** ЗКФ, 2019

## 7.2 Постапка за акредитација

Акредитацијата за ЗКФ е ригорозна постапка која се состои од повеќе фази (слика 23). Се случува тековно. Како прв чекор, организациите се охрабруваат да направат онлајн самооценка која ќе им помогне подобро да разберат во која мера ги исполнуваат стандардите и барањата на ЗКФ и каде има можни недостатоци.

**ННО ќе обезбеди писмо за номинација на субјектите за директен пристап** (Прилог 15). На таквото писмо за номинација треба да му претходи процес со билатерални и мултилатерални консултации со вклученост на ССК, потврдување на субјектот-кандидат од страна на НСОР и одобрување од Владата.

Организациите кои веќе се акредитирани за Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ), за Фондот за адаптација (ФА), или за Генералниот директорат за развој и соработка - EuropeAid на Европската Комисија (ГД РС), можат да аплицираат до ЗКФ со забрзана постапка за акредитација. Забрзаната постапка им овозможува на подобните субјекти својата апликација да ја насочат кон барањата за акредитација на ЗКФ (недостатоците) кои не се оценети во постапките за акредитација за другите фондови.

**Слика 23.** Постапка за акредитација




OAS - Онлајн систем за акредитација

Апликациите се доставуваат до ЗКФ преку Онлајн системот за акредитација (ОСА). Штом се уплати надоместокот за акредитација, секретаријатот на ЗКФ ќе провери дали апликацијата е целосна и дали се доставени сите потребни документи и ќе изврши институционална проверка.

Следната фаза е прегледување на апликацијата од страна на Одбор за акредитација во кој учествуваат технички експерти. Во зависност од квалитетот и целосноста на доставените документи, може да се испратат неколку циклуси на прашања до субјектот со цел да се утврди дали тој ги исполнува сите услови за акредитација.

Откако ќе заврши оценката, Одборот за акредитација ќе даде препорака до Одборот на ЗКФ кој ќе ја донесе конечната одлука во врска со акредитацијата на тој субјект. Доколку е одобрена, постапката завршува со договарање на правните аспекти и потпишување на Главниот договор за акредитација.

Доколку сета документација е доставена навремено и целосно и субјектот-апликант не бара поддршка за подготвеност додека се обработува неговата апликација, и доколку се утврди дека субјектот-апликант ги исполнува сите стандарди за кои аплицирал, проценката од ЗКФ и процесот за одлучување треба да се заврши за 6 месеци. Сепак, во пракса процесот за акредитација трае подолго од една година.

# Референци

**Зелен климатски фонд (ЗКФ)**. 2014. *Анекс VIII: Рамка за мерење на ефикасноста на мерките за ублажување и адаптација* [online]. Сеул. Достапно на: www.greenclimate.fund/documents/20182/239759/5.3_-_Performance_Measurement_Frameworks__PMF_.pdf/60941cef-7c87-475f-809e-4ebf1acbb3f4

**ЗКФ**. 2019а. *Воведување на родовите прашања. Родова еднаквост во пракса* [online]. Сеул. Достапно на: www.greenclimate.fund/how-we-work/mainstreaming-gender/gender-action-in-practice

**ЗКФ**. 2019б. *Директориум на акредитирани субјекти на Зелениот климатски фонд* [online]. Сеул. Достапно на: www.greenclimate.fund/how-we-work/tools/entity-directory

**ЗКФ**. 2019в. *Поддршка за земјите. Обрасци и упатства* [online]. Сеул. Достапно на: www.greenclimate.fund/how-we-work/empowering-countries/fine-print

# Прилози

## 1. Инвестициски критериуми и подкритериуми на ЗКФ

| Опфатена област | Подкритериуми |
|---|---|
| *Потенцијал за влијание* | |
| **Влијание за ублажување** | Придонес за промена кон одржлив развој со ниски емисии |
| **Влијание за адаптација** | Придонес за одржлив развој отпорен на климата |
| *Потенцијал за промена на парадигмата* | |
| **Потенцијал за зголемување или реплицирање на проектот, како и севкупен придонес за глобален нискојаглероден развој во согласно со целта зголемувањето на температурата да е помалку од 2 степени Целзиусови (само ублажување)** | • Иновации<br>• Придонес за глобалните нискојаглеродни можности за развој, во согласност со целта зголемувањето на температурата да не е повеќе од 2 степени Целзиусови<br>• Потенцијал за проширување на опсегот и влијанието на предлог-проектот (можност за зголемување)<br>• Потенцијал за извезување на главните структурни елементи од предлог-проектот на други места во истиот сектор како и во други сектори, региони или држави (можност за репликација) |
| **Потенцијал за знаење и учење** | Придонес за создавање или зајакнување на знаењето, процесите за колективно учење или на институциите |
| **Придонес за создавање на овозможувачка средина** | • Одржливост на исходите и на резултатите и по завршување на интервенцијата<br>• Развој и трансформација на пазарите |
| **Придонес за регулаторната рамка и политики** | Потенцијал за зајакнување на регулаторната рамка и на политиките, како и за поттикнување на инвестиции во технологии и активности со ниски емисии, поттикнување на изработка на дополнителни политики за ниски емисии, и/или подобрување на планирањето и развојот со земање предвид на климата |
| **Севкупен придонес за развој отпорен на климата усогласен со стратегиите и плановите на државата за адаптација на климатските промени (само адаптација)** | • Потенцијал за проширување на влијанието на предлог-проектот без еднакво зголемување на трошоците (потенцијал за зголемување)<br>• Потенцијал за извезување на главните структурни елементи на предлог-проектот во други сектори, региони или држави (можност за репликација) |
| *Потенцијал за одржлив развој* | |
| **Еколошки придружни придобивки** | Очекувани позитивни еколошки влијанија, вклучително и во други области на резултати на Фондот и/или во согласност со приоритетите утврдени на национално, локално или секторско ниво, кое е соодветно |
| **Социјални придружни придобивки** | Очекувани позитивни социјални и здравствени влијанија, вклучително и во други области за резултати на Фондот и/или во согласност со приоритетите утврдени на национално, локално или секторско ниво, кое е соодветно |

| Опфатена област | Подкритериуми |
|---|---|
| **Економски придружни придобивки** | Очекувани позитивни еколошки влијанија, вклучително и во други области за резултати на Фондот и /или во согласност со приоритетите утврдени на национално, локално или секторско ниво, кое е соодветно |
| **Поттикнување развој со земање предвид на родовите аспекти** | Потенцијал за намалена родова нееднаквост пред влијанијата на климатските промени и/или еднакво учество на родовите групи во остварување на очекуваните исходи |
| ***Земање предвид на потребите на примателот*** | |
| **Ранливост на земјата (само адаптација)** | Опсег и интензитет на изложеноста на луѓето, на социјалните или економските средства или на капиталот на ризици кои произлегуваат од климатските промени |
| **Ранливи групи и родови аспекти (само адаптација)** | Слично ниво на ранливост на групата која е корисник на проектот |
| **Ниво на економски и социјален развој на државата и на популацијата која е под влијание на проектот** | Ниво на социјален и економски развој на државата и на целната популација |
| **Отсуство на алтернативни извори на финансирање** | Можности за Фондот да ги надмине конкретните пречки за финансирање |
| **Потреба за зајакнување на институциите и на капацитетот за спроведување** | Можности за зајакнување на институционалните капацитети и на капацитетите за спроведување во релевантните институции во контекст на предлог-проектот |
| ***Поттикнување на сопственост на државата*** | |
| **Постоење на национална климатска стратегија и кохерентност со постојните политики** | • Целите се во согласност со приоритетите во националната климатска стратегија<br>• Предложените активности се дизајнирани со увид на политиките на друга држава |
| **Капацитет на акредитираните субјекти или на извршните субјекти да го спроведат проектот** | Искуство и минати успеси на акредитираниот субјект или на извршните субјекти за главните елементи на предложената активност |
| **Соработка со граѓанските организации и други релевантни засегнати страни** | Консултации и соработка со засегнатите страни |
| ***Ефикасност и ефективност*** | |
| **Трошковна ефективност и ефикасност во врска со финансиски и нефинансиски аспекти** | • Финансиска соодветност на поволностите<br>• Трошковна ефективност (само за ублажување) |
| **Износ на кофинансирање** | Потенцијал да се насочат и/или обезбедат инвестиции (само за ублажување) |
| **Финансиска одржливост на програмата/проектот и други финансиски индикатори** | • Очекувана економска и финансиска стапка на поврат на инвестицијата<br>• Финансиска одржливост на долг рок |
| **Најдобри практики од индустријата** | Примена на најдобри практики и степен на иновации |

## 2. Еколошка и социјална политика на ЗКФ

**Еколошката и социјална политика на ЗКФ има цел:**

- Да даде основа за кохерентен, конзистентен и транспарентен систем за управување кој се заснова на начелата за одржлив развој со цел подобрување на работата и резултатите, управување со ризиците и влијанијата, и подобрување на правичниот пристап до придобивки во сите активности финансирани од ЗКФ;
- Да го поддржи одлучувањето на ЗКФ, особено во однос на акредитацијата на субјекти, давање поддршка и дизајнирање, развој, одобрување, спроведување и анализа на активностите финансирани од ЗКФ;
- Да го поткрепи развојот на Системот за управување со еколошки и социјални аспекти (ЕСМС) кој ќе содржи систематски пристап за интегрирање на еколошката и социјалната успешност и управување со ризици во работата на ЗКФ, на акредитираните субјекти и на други развојни институции кои соработуваат со ЗКФ; и
- Да ги дефинира одговорностите и процесите со кои ќе се исполнат обврските на ЗКФ.

**ЗКФ ќе бара, сите поддржани активности да се посветени на:**

- Избегнување и кога тоа не е можно, ублажување на негативните влијанија врз луѓето и животната средина;
- Зајакнување на правичен пристап до развојните придобивки; и
- Соодветно земање предвид на ранливите[5] и маргинализираните популации, групи и поединци, локални заедници, домородни народи и други маргинализирани групи, луѓе и поединци кои ќе/или може да бидат под влијание на активностите кои ги финансира ЗКФ.

На ниво на субјект, политиката ги поставува условите за акредитираните субјекти кои работат со ЗКФ да воспостават и одржуваат сеопфатни, систематски, отчетни, инклузивни, транспарентни системи кои ги земаат предвид родовите аспекти и поттикнуваат учество на повеќе засегнати страни со цел да управуваат со ризиците и влијанијата од активностите кои ги финансира ЗКФ, во согласност со оваа политика и еколошките и социјални стандарди кои ги усвои ЗКФ. Овие услови ја надополнуваат рамката за акредитација и се земаат предвид во процесите за акредитација и реакредитација; и

На ниво на активност, политиката предвидува услови за оценка на еколошки и социјални ризици и нивно управување согласно **Еколошките и социјални гаранции и стандарди на ЗКФ** според кои треба да се прават проверки на сите активности кои ги финансира ЗКФ, меѓу кои и на проектите кои се финансираат од Програмите финансирани од ЗКФ или кои се финансираат преку финансиски посредници, без оглед кои финансиски инструменти се користат или дали тие целосно се поддржани од ЗКФ или пак се кофинансирани од други институции.

[5] „Обесправени или ранливи“ се однесува на оние кои поверојатно е да ги трпат последиците од влијанијата на проектот и/или помалку се во состојба да ги искористат придобивките од проектот. Таквиот поединец или група исто така поверојатно ќе биде исклучен/нема да може да учествува целосно во процесот на консултации и поради тоа може да се потребни конкретни мерки и/или помош за да го стори тоа.

Главните елементи на политиката на ниво на активност се:

- Еколошки и социјален скрининг на активностите и доделување на категории на ризик;
- Еколошка и социјална проценка и проверка;
- План за управување со еколошки и социјални аспекти;
- Мониторинг и известување, вклучително и на оперативните промени;
- Откривање информации, вклучување на засегнатите страни и решавање на поплаки.

## Привремени еколошки и социјални гаранции на ЗКФ

| Стандард | Опис |
|---|---|
| *Стандарди кои се применуваат на ниво на субјект* | |
| **ПС1. Оценка и управување со еколошки и социјални ризици и влијанија** | • Идентификување на еколошките и социјални ризици и влијанија на предлог-проектот за финансирање;<br>• Усвојување на хиерархија за ублажување: антиципирање, избегнување; минимизирање; надоместување или пребивање;<br>• Подобрување на успешноста преку систем за управување со еколошки и социјални аспекти;<br>• Работа со погодените заедници или со други засегнати страни преку циклусот за предлог-проектот за финансирање. Ова подразбира и механизми за комуникација и поплаки. |
| *Стандарди кои се применуваат на ниво на проект* | |
| **ПС2. Работни односи и работни услови** | • Фер третман, нема дискриминација, еднакви можности;<br>• Добар однос меѓу работниците и менаџментот;<br>• Исполнување на националните закони за вработување;<br>• Заштита на работниците, особено тие од ранливите категории;<br>• Поттикнување на здравје и безбедност;<br>• Некористење на принудна работа и трудова експлоатација на деца. |
| **ПС3. Ефикасност при користењето на ресурсите и спречување на загадувањето** | • Избегнување, минимизирање и намалување на загадувањето кое произлегува од проектот;<br>• Поодржливо користење на ресурсите, меѓу кои и на енергијата и водата;<br>• Намалени емисии на стакленички гасови од проектот. |
| **ПС4. Здравје, безбедност и сигурност во заедницата** | • Предвидување и избегнување на негативните влијанија врз здравјето и безбедноста на погодените заедници;<br>• Заштита на вработените и имотот во согласност со релевантните начела за човекови права. |

| Стандард | Опис |
|---|---|
| **ПС5. Откуп на земјиште и присилно раселување** | • Избегнување/сведување на минимум на негативните социјални и економски влијанија од откупот на земјиште или ограничување во употребата на земјиштето:<br>- Избегнување/минимизирање на раселувањето;<br>- Обезбедување на алтернативен дизајн за проектот;<br>- Избегнување на присилно иселување.<br>• Подобрување или обнова на живеалиштата и на стандардите за живот;<br>• Подобрување на условите за живот за раселените лица преку обезбедување<br>- Соодветно домување;<br>- Право на сопственост. |
| **ПС6. Заштита на биолошката разновидност и одржливо управување со живите природни ресурси** | • Заштита на биолошката разновидност;<br>• Одржување на придобивките од екосистемските услуги;<br>• Поттикнување на одржливо управување со живите природни ресурси;<br>• Интеграција на потребите за заштита и на развојните приоритети. |
| **ПС7. Домородни народи** | • Целосно почитување на домородните народи<br>- Човекови права, достоинство, аспирации;<br>- Приходи за живот;<br>- Култура, знаење, практики;<br>• Избегнување/сведување на минимум на негативните влијанија;<br>• Одржливи и културно соодветни развојни придобивки и можности;<br>• Слободна, претходна и информирана согласност во определени околности. |
| **ПС8. Културно наследство** | • Заштита и зачувување на културното наследство;<br>• Поттикнување на правично споделување на придобивките од културното наследство. |

## 3. Политика за родови прашања на ЗКФ

Пристапот на ЗКФ во кој се земаат предвид родовите прашања е претставен во Политиката и во Акцискиот план за родови прашања (ЗКФ, 2019a)[6], кој беше усвоен од раководниот орган на Фондот во 2015 година. Шесте начела на Политиката за родови прашања на ЗКФ се:

- Родова еднаквост и правичност;
- Инклузивност во сите активности;
- Отчетност за резултати и влијанија кои влијаат врз родовите прашања и врз климатските промени;

[6] Воведување на родовите прашања. Родова еднаквост во пракса, 2019

- Сопственост од државата — преку усогласување со националните политики и приоритети, и широка соработка со засегнатите страни, вклучително и со организациите на жени;
- Компетенции во врска со родот во институционалната рамка на ЗКФ - вештини, знаење и однесување кое е стекнато од обуки и искуство кое им овозможува на члените на секретаријатот на ЗКФ да ги земаат предвид родовите аспекти во текот на нивната работа; и
- Правична алокација на ресурсите - така што и жените и мажите ќе имаат еднакви придобивки од активностите за адаптација и ублажување на ЗКФ.

Родовите аспекти се интегрирани во целиот проектен циклус, од идентификација на проектот, преку спроведување и мониторинг и евалуација. Согласно Политиката и Акцискиот план за родови прашања на ЗКФ, основните елементи во врска со родовите прашања кои е потребно да ги вклучува проектот поддржан од ЗКФ се: :

- Сопственост на државата во однос на усогласеноста со националните политики и приоритети;
- Задолжителна првична социо-економска и родова проценка, со цел проактивно да се изгради пристап со земање предвид на родовите прашања при планирање и дизајнирање на спроведувањето на проектот;
- Родово правични консултации со засегнатите страни согласно родовите параметри во Политиката;
- Утврдување на кој начин проектот/програмата може да одговори на потребите на жените и мажите имајќи ги предвид специфичните проблеми поврзани со климатските промени;
- Идентификација на двигатели на промени и на родова динамика кои се потребни за да се постигнат целите за адаптација и ублажување на проектот/програмата; и
- Идентификација и осмислување на специфични родови елементи кои ќе се вклучат во активностите од проектот/програмата.

Вклучувањето на родовите прашања во проектите поддржани од ЗКФ може да се претстави преку тристран пристап:

- **Анализа на родовите аспекти:** за да се разберат социјалните, економските и политичките фактори кои доведуваат до тоа климатските промени да предизвикаат поголема родова нееднаквост и потенцијалниот придонес на жените и мажите кон општествени промени со цел да се изгради отпорност и да се намалат климатските промени. Оваа анализа е првиот и основен документ за идентификување и дефинирање на разликите меѓу родовите, како и на проблемите и ограничувањата со цел решенијата за нив да бидат застапени во проектот. Помага да се идентификуваат разликите со кои се соочуваат жените и мажите во контекстот на проектот, вклучително и за пристап, учество, како и различните потреби и пречки и за двата пола.
- **Активности во полза на родовата еднаквост:** методи и алатки со кои се поттикнува родова еднаквост и се намалуваат разликите меѓу половите при климатската акција. Ова подразбира и развивање на цели и таргети кои се однесуваат на родовите прашања и активности кои ги земаат предвид родовите аспекти за да се решат родовите проблеми во проектот/програмата.

- **Мониторинг и евалуација со земање предвид на родовите аспекти:** мерење на исходите и влијанијата од проектните активности врз отпорноста на мажите и жените на климатските промени преку мониторинг и евалуација со земање предвид на родовите аспекти. Треба да содржи јасни таргети, квоти, родови карактеристики и квантитативни индикатори за успешност.

## 4. Деловник за работа на ННО-ССК

### *Состав*

Стратешкиот советодавен комитет (ННО-ССК) се состои од експерти за климатски промени и за управување и финансирање на проекти. Заедно со вработените во ННО, во ННО-ССК учествуваат и шест претставници од следните институции:

- **Министерство за финансии** – 2 претставници:
  - Државен секретар од Министерството за финансии
  - Раководител на Секторот за буџети и фондови, Министерство за финансии
- **Секретаријат за европски прашања (СЕП)** – 2 претставници:
  - Сектор за координација на европски фондови
  - Сектор за интеграции
- **Министерство за животната средина и просторно планирање - 2 претставници:**
  - Државен секретар од Министерството за животна средина и просторно планирање
  - Државен советник за климатски промени

Секој член на ССК треба да има заменик и замениците имаат право да учествуваат на состаноците на ССК само преку главниот член, без право на глас, освен ако не се во улога на член. Доколку членот отсуствува од дел или од целиот состанок на ССК, во тоа време неговиот/нејзиниот заменик има улога на член.

На состаноците на ССК учествуваат и сите членови на ННО, при што еден од нив е во улога на претседавач на ССК, покрај улогата на Секретар на ССК. .

### *Избор на членовите на ССК*

Членовите на ССК и нивните заменици се именуваат со Одлука на Владата на Република Северна Македонија. Покрај тоа, Владата на Република Северна Македонија ќе ја испита можноста во Законот за климатски промени, кој во моментот се изработува, да вклучи обврска институциите учеснички во ННО-СЦК, да ја изменат својата внатрешна структура со цел да предвидат назначување на свои претставници во ННО-СЦК, како и да ја регулираат нивната конкретна улога во координативниот механизам за прашања поврзани со ЗКФ/климатски финансии.

Откако именуваните ќе се известат за нивното учество во ССК, ННО свикува сесија за обука на која ќе се дискутираат конкретните очекувани задачи и различните процедури изработени за проценка на предлог-проекти во земјата.

### *Одржување и локација на состаноци*

ССК се состанува на барање на ННО, штом ќе се добијат проектни идеи/концептни белешки/целосни предлог-проекти кои треба да се оценат и да се утврди дали да добијат писмо „Без-приговор“.

ННО ги известува членовите/замениците на ССК за датумите на состаноците, доставува предлог дневен ред со проектната идеја/концептната белешка/целосниот предлог-проект и сета друга придружна документација за почетно разгледување, согласно утврдените критериуми за различните фази на процедурата „Без-приговор“.

ННО користи електронски средства за пренесување, дистрибуција и чување на документацијата. Тимот на ННО ги собира коментарите на членовите на ССК во врска со предлог-проектите пред одржување на состанокот на Комитетот.

Откако секој член на ССК поединечно ќе го разгледа предлог-проектот, ССК ќе се состане со цел да разговара за мислењата на различните членови и да се усогласи околу севкупната оценка на ССК.

За да има кворум за работа, на состанокот треба да биде присутен најмалку еден член од секоја од институциите членки. ННО потврдува дали е обезбеден кворум за работа на почетокот на состанокот и во моментот кога се разговара за вкупната оценка. На крајот на секоја средба, ННО составува документ за состанокот, со цел да се следат одлуките на ССК за секој предлог-проект.

### *Работен јазик на ССК*

Иако подносителите на проекти / акредитираните субјекти ги доставуваат проектните идеи / концептните белешки / целосните предлог-проекти и придружната документација на англиски јазик, документите за состаноците (и дневниот ред), како и разговорите и дискусиите поврзани со оценката на овие предлози ќе се врши на македонски јазик. Комуникацијата на ННО со подносителите ќе се води на англиски/македонски јазик, во зависност од потребите.

### *Организирање состаноци и водење постојана евиденција за состаноците*

ННО ќе ги организира состаноците на ССК и тие ќе се одржуваат во просториите на Владата во Скопје (освен ако не е поинаку дефинирано од страна на ССК).

Во согласност со применливите практики и релевантните национални политики, ННО ќе одлучи во која мера ќе се објавуваат записниците од состаноците на ССК, но записниците за постапките од сите состаноци ќе ги чува ННО во име на ССК.

### *Методологија за одлучување, доверливост и судир на интереси*

Проценката на проектните идеи/концептните белешки/предлог-проектите за финансирање ќе се врши согласно изработени критериуми и систем за оценување. Откако секој член на ССК ќе достави индивидуална проценка/оценка, конечната вкупна оценка ќе се добие како збир на оценките дадени од членовите на ССК, поделен со бројот на членови кои учествувале во оценката, односно се добива просечна оценка за предлог-проектот.

Потоа, следејќи ги утврдените прагови за категоризација (А, Б, и В група во текот на процесот на приоретизација и „подобен“/„неподобен“ во текот на

фазата на техничка проверка), предлог-проектите, согласно вкупната оценка, се распределуваат во некоја од овие категории.

Членовите/замениците на ССК треба да ги третираат предлог-проектите како доверливи информации сè до донесување конечна одлука во врска со поднесувањето до ЗКФ. ННО е одговорен за врската и комуникацијата со подносителите на проектите и со Секретаријатот на ЗКФ.

На секој состанок, членовите и замениците на ССК се изјаснуваат за потенцијален судир на интереси што можат да го имаат во врска со некој од предлозите што треба да се оценат согласно дневниот ред. Членовите и замениците на ССК нема да учествуваат во разгледување на предлог-проектите со кои имаат судир на интереси.

Со цел ССК да ја изврши својата должност, судир на интереси ќе се смета ситуација во која некое лице или институција се вклучени во изработката на некој предлог-проект, како носители на идејата или како извршен орган. Доколку тие и го оценуваат истиот предлог, може да се пристрасни и/или претставуваат закана за непристрасноста при оценка на предлог-проектот.

# 5. Образец: Белешка за проектна идеја

## Проектна идеја

**Наслов:**

**Белешка за проектна идеја**

Овој образец за проектна идеја може да го користат подносителите кои ќе решат да достават Белешка за проектна идеја за разгледување до Националниот назначен орган, или пак подносителите кои се заинтересирани да одговорат на конкретен повик за доставување на предлог-проекти објавен од ННО.

ННО ќе ја разгледа Проектната идеја согласно веќе утврдени критериуми за подобност, и само подобните проектни идеи ќе бидат прифатени и вклучени во Работната програма на државата. ННО ќе испрати писмо за потврда до сите подносители за да ги извести или за прифаќањето на идејата, или да ги информира за одбивањето на проектната идеја со препораки за подобрување на истата.

Подносителите на прифатените проектни идеи ќе се охрабрат понатаму да ја разработат идејата во концептна белешка во обрасците на ЗКФ и во тесни консултации со претставниците на ННО. Во фазата на концептна белешка, треба да се идентификува акредитиран субјект кој ќе помогне за изработка и спроведување на предлог-проектот согласно својата област на делување, критериумите за акредитација на конкретниот акредитиран субјект, големината на проектот кој треба да го спроведува овој субјект, област/сектор на експертиза и категорија на еколошки и социјални ризици со кои може да се справи субјектот.

Проектните идеи се доставуваат на англиски јазик во електронскиот образец до кој може да се пристапи на www.greendevelopment.mk, во согласност со Упатството дадено од страна на ННО во Повикот за предлог-проекти. Деталните насоки за пополнување на образецот за проектна идеја и други информации за работата на Зелениот климатски фонд ќе бидат достапни на веб-страницата на ННО: www.greendevelopment.mk.

Деталните упатства за пополнување на овој образец и другите информации за работата на Зелениот климатски фонд се достапни на интернет-страницата: www.greendevelopment.mk.

| Општи информации за проектот | |
|---|---|
| **Наслов на проектот:** | |
| **Проект или програма** | ☐ **Проект**<br>☐ **Програма** |
| **Времетраење на проектот** *(месеци):* | |
| **Географска локација на проектните активности** *(Ве молиме во Прилогот прикачете и мапа):* | |
| **Субјект/и кои ќе го спроведуваат** *(назив, вид на организација, адреса, лица за контакт)*<br>*Ве молиме во Прилог вклучете и листа на вработени од секој субјект кои ќе работат на спроведувањето на проектот (расчленети по пол и образование)* | Наслов:<br>Вид на организација:<br>Адреса:<br>Лице за контакт:<br>Телефон/адреса за е-пошта: |
| **Претходно искуство во спроведување слични проекти** *(слични во однос на сложеноста, трошоците и времетраењето)* | *Ве молиме наведете најмалку два завршени слични проекти со информации за проектните трошоци, целта на проектите, главни корисници и главни резултати. Може во прилог да дадете и Референтна листа која ќе содржи порелевантни податоци за претходни слични искуства* |
| **Статус на проектот:** | ☐ **Целосен предлог-проект**<br>☐ **Концептна белешка**<br>☐ **Белешка за проектна идеја** |
| **Фокус на проектот врз климата и области на резултати** | |
| **Област на фокус на проектот:** | ☐ **Ублажување**<br>☐ **Адаптација**<br>☐ **Опфаќа повеќе сектори** |

| | |
|---|---|
| **Стратешки области на резултати на Зелениот климатски фонд**<br>*(Кој од наредните области на резултати кои се во фокусот на ЗКФ го опфаќа предложениот проект?)*<br><br>*Ве молиме означете ги најрелевантните* | **УБЛАЖУВАЊЕ**<br><br>Со намалување на емисиите на стакленички гасови:<br>☐ **Пристап до енергија и генерирање електрична енергија**<br>*(На пр. пристап до во-мрежа, микро-мрежа, надвор-од-мрежа, каде електричната енергија се генерира од обновливи извори на енергија, односно сонце, ветер, геотермални води итн.)*<br>☐ **Транспорт со ниски емисии**<br>*(на пр. брза железница, брз автобуски систем)*<br>☐ **Згради, градови, индустрии и уреди**<br>*(На пр. нови и реновирани енергетски ефикасни згради, енергетски ефикасна опрема за компании и управување со синџирот за добавување)*<br>☐ **Шумарство и употребата на земјиштето**<br>*(На пр. заштита и управување со шумите, земјоделско наводнување, пречистување на води и управување со водите итн.)*<br><br>**АДАПТАЦИЈА**<br><br>Со зголемување на отпорноста во следните сфери:<br>☐ **Најранливи луѓе и заедници**<br>*(На пр. ублажување на негативните ризици од климатските промени, развој на системи за рано предупредување, развој на системи за осигурување итн.)*<br>☐ **Здравје и добросостојба и обезбеденост со храна и вода**<br>*(На пр. обезбедување чиста вода за пиење на населението, спроведување на технологии за заштеда на вода итн.)*<br>☐ **Инфраструктура и изградена средина**<br>*(На пр. инфраструктура за заштита од лизгање на земјиштето и лавини, системи за климатизација, отпорни патни мрежи итн.)*<br>☐ **Екосистеми и екосистемски услуги**<br>*(На пр. заштита и управување со екосистеми, екотуризам итн.)* |
| **Опис на проектот (најмногу 3 страници)** | |
| **Севкупна цел на проектот:** | |
| **Конкретни цели на проектот** | *(ако е можно дефинирајте ги специфичните цели поврзани со родови и малцински прашања и со климатските промени)* |

| | |
|---|---|
| **Главен корисник на проектот** *(директен и индиректен) расчленето по вид на ранливост* | |
| **Кратко оправдување на проектот** *(кохерентност и усогласеност со националните климатски приоритети и со развојните стратегии, како и со националните ЦОР)* | |
| **Накратко опишете го проблемот со ублажување/адаптација кој се планира да се реши со проектот** | *(ве молиме, наведете прашања релевантни за родовите и за ранливите групи )* |
| **Наведете ги предложените проектни активности што ќе ги решаваат горенаведените проблеми и идентификувани пречки и кои што ќе доведат до очекуваните резултати** | *(Ве молиме наведете доколку предложените активности/процеси или технологии што ќе се применуваат се иновативни. Исто така објаснете како жените, граѓанските организации, академските установи, компаниите и другите засегнати страни ќе бидат вклучени во текот на спроведувањето на проектните активности)* |
| **Накратко опишете ги очекуваните исходи како и економските (во евра) очекувани резултати во однос на социјалните, климатските/ еколошките и родовите аспекти** | *(на пр. број на ново-создадени работни места, тони намалени емисии на $CO_2$ eq., проценето влијание врз адаптацијата - број на директни/индиректни корисници како процент од вкупното население, на кој начин проектот ќе се осврне на прашањата поврзани со родот и ранливите групи?)* |
| **Наведете ако има потенцијал за реплицирање на проектните активности во друг регион или во соседна земја, и дали може да се користат резултатите од проектот** | |

| | |
|---|---|
| **Објаснете зошто е потребно да се финансира проектот:** | *(на пр. објаснете зошто овој проект не се финансира со домашни ресурси од јавниот и/или приватниот сектор(и))* |
| **Финансиски аспекти на проектот** | |
| **Индикативна вкупна вредност на проектот (евра):** | |
| **Индикативен износ кој се бара од ЗКФ (евра):** | |
| **Предвидено ко-финансирање** (ако има) – евра или % од вкупниот износ на проектот | |
| **Вид на финансиски инструмент што се бара:** | ☐ **Грант**<br>☐ **Заем**<br>☐ **Друго** ____________________ |
| **Други финансиски средства кои делумно ќе ги покријат вкупните трошоци за проектот:** | |

| | |
|---|---|
| **Информации за подносителот** | |
| **Име на организацијата/институцијата која аплицира:** | |
| **Вид на организација/институција:** *(јавна (владина), компанија, НВО, меѓународна организација, академска установа итн.)* | |
| **Адреса:** *(улица, број, поштенски број)* | |
| **Лице за контакт:** | |
| **Позиција:** | |
| **Контакт:** *(телефон и е-пошта):* | |
| **Датум на поднесување** на Белешката за проектна идеја за разгледување до ННО | |

**Документи за поддршка на БЕЛЕШКАТА ЗА ПРОЕКТНА ИДЕЈА**

**ПРИЛОГ 1**

**ПРИЛОГ 2**

**ПРИЛОГ 3**

## 6. Образец на писмо за потврда на проектна идеја

До: (име на подносителот/АС)

[Место], [датум]

Предмет: Потврда за подобност на проектна идеја поднесена за финансирање од Зелениот климатски фонд

Почитувани,

Кабинетот на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија, во улога на Национален назначен орган (ННО) упатува на проектната идеја [име на проектната идеја] поднесена од страна на [име на подносителот на проектот/акредитираниот субјект].

Во согласност со чекорите и критериумите дефинирани како дел од процедурата „Без-приговор“ на Северна Македонија за проекти на Зелениот климатски фонд (ЗКФ), Ве известуваме дека ја разгледавме вашата проектна идеја и со ова потврдуваме дека истата е подобна за понатамошен развој во концептна белешка/предлог-проект за финансирање.

Доставувањето на оваа потврда значи дека:

а) Поднесената идеја ќе биде вклучена во листата на проекти кои ќе се достават до ЗКФ како дел од Работната програма на Северна Македонија;

б) Подносителот се охрабрува да продолжи со изготвување на Концептна белешка за идејата и да ја достави до ННО за понатамошно разгледување согласно процедурата „Без-приговор“ на Северна Македонија;

в) Подносителот мора да се осигури дека постојат потребните партнерства, меѓу кои и со релевантниот акредитиран субјект и кофинансиерите, за да се финализира Концептната белешка;

Истакнуваме дека ова писмо претставува само потврда за подобност на проектната идеја и дека подносителот мора да ги исполни сите преостанати релевантни чекори за да се стекне со писмо „Без-приговор“.

За дополнителни коментари и прашања, контактирајте нè на официјалната адреса за е-пошта на ННО: Daniel.Josifovski@gs.gov.mk

Со почит,

Име:____________________

Функција:____________________

# 7. Образец на писмо за одбивање на проектна идеја

До: (име на подносителот/акредитираниот субјект)

[Место], [датум]

Предмет: Известување за неподобност на проектна идеја поднесена за финансирање од Зелениот климатски фонд

Почитувани,

Кабинетот на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија, во улога на Национален назначен орган (ННО) упатува на проектната идеја [име на проектната идеја] поднесена од страна на [име на подносителот на проектот/акредитираниот субјект].

Во согласност со чекорите и критериумите дефинирани како дел од процедурата „Без-приговор“ на Северна Македонија за проекти на Зелениот климатски фонд (ЗКФ), Ве известуваме дека ја разгледавме вашата проектна идеја и со ова Ве известуваме дека истата не е подобна за понатамошна разработка во концептна белешка/предлог-проект за финансирање.

Доставувањето на ова известување за неподобност значи дека:

а) Поднесената идеја нема да биде вклучена во листата на проекти кои ќе се достават до ЗКФ како дел од Работната програма за Северна Македонија;

б) Подносителот се охрабрува внимателно да го разгледа приложениот извештај и да ги земе предвид дадените коментари.

Истакнуваме дека ова писмо претставува само известување за неподобност на проектната идеја онака како што е доставена. По потреба, подносителот може да достави ажурирана верзија на проектната идеја, но само доколку целосно се земени предвид сите коментари и обемот и релевантноста на идејата се во согласност со приоритетите и потребите, согласно наведеното во извештајот од разгледувањето.

За дополнителни коментари и прашања, контактирајте нè на официјалната адреса за е-пошта на ННО: Daniel.Josifovski@gs.gov.mk

Со почит,

Име:____________________

Функција:____________________

# 8. Критериуми за приоретизација на проектни идеи

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пр_К 1** | **Пристап на проектот** | Опис на проблемот и на климатската оправданост, целите на проектот, главните активности и очекуваните резултати. Кохерентност меѓу проблемите/пречките и очекуваните резултати. | Кохерентен опис на проблемот и на климатската оправданост, целите на проектот и очекуваните резултати (ниво на кохерентност и релевантни податоци вклучени во проектната идеја). | 3 | Јасно, добро објаснет проблем и влијание на климатските промени и добро дефинирани цели и очекувани резултати на проектот (високо ниво на кохерентност) |
| | | | | 2 | Нема информации / податоци за подобро да се разбере кохерентноста помеѓу климатскиот проблем/предложените активности и очекуваните резултати (просечно ниво на кохерентност) |
| | | | | 1 | Нема информации и податоци (ниско ниво на кохерентност) |
| | | | | 0 | Има сериозен недостаток на релевантни податоци за да се разбере пристапот на проектот |

| Бр. | Критериум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пр_К 2** | **Капацитет на субјектите што ќе го спроведуваат проектот** | Опис на релевантните управувачки и организациски вештини на субјектите/партнерите што ќе работат на спроведување на проектот | Ниво на искуство и вештини на субјектите / партнерите за спроведување на проектот (овој индикатор е релевантен за целиот конзорциум кој работи на спроведување - за сите партнери) | 3 | Големо искуство, над 5 годишно искуство во управување со слични проекти (со слична големина и трошоци) и реализирани повеќе од 2 слични проекти |
| | | | | 2 | Средно искуство, тригодишно искуство и реализирани најмалку 2 слични проекти (со слична големина и трошоци) |
| | | | | 1 | Мало искуство, двегодишно искуство и реализирано најмалку 1 сличен проект (со слична големина и трошоци) |
| | | | | 0 | Нема капацитет, помалку од тригодишно искуство и/или нема реализирано сличен проект (со слична големина и трошоци) |
| **Пр_К 3** | **Проценето времетраење на проектот** | Дефиниран временски распоред на предложените активности на проектот | Временска рамка за времетраење на предложените активности | 3 | Долгорочен (над 8 години) |
| | | | | 2 | Среднорочен (над 5 години) |
| | | | | 1 | Краткорочен (2-5 години) |
| | | | | 0 | Краткорочен (помалку од 2 години) |

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пр_К 4** | **Статус на проектната идеја** | Идентификација на нивото на разработка на проектната идеја (рана фаза, изработена концептна белешка/изработен целосен предлог- проект) | Моментален статус на проектната идеја / степен на развој | 3 | Целосен предлог-проект |
| | | | | 2 | Концептна белешка |
| | | | | 1 | Проектна идеја |
| | | | | 0 | Слабо развиена проектна идеја |
| **Пр_К 5** | **Потенцијал да го поддржи националниот процес за пристапување во ЕУ** | Опис како и до кој степен целите на проектот и планираните активности го поддржуваат пристапувањето во ЕУ и помагаат за постигнување на одредниците на ЕУ | Број на одредници на ЕУ што треба да се постигнат со имплементацијата на проектот и негово влијание | 3 | Сериозно го поддржува постигнувањето на одредниците на ЕУ во повеќе од 3 поглавја за преговори |
| | | | | 2 | Средно го поддржува постигнувањето на одредниците на ЕУ (1–2 поглавја за преговори) |
| | | | | 1 | Малку го поддржува постигнувањето на одредниците на ЕУ (одредници во само едно поглавје) |
| | | | | 0 | Нема потенцијал да го поддржи националниот процес на пристапување во ЕУ |
| **Пр_К 6** | **Цели на проектот кои се во согласност со националните приоритетни ЦОР** | Образложение како проектот се вклопува во Целите за одржлив развој | Број на ЦОР врз кои влијае или чие постигнување е поттикнато од спроведувањето на проектот | 3 | Повеќе од 5 ЦОР |
| | | | | 2 | 3 ЦОР |
| | | | | 1 | 2 ЦОР |
| | | | | 0 | Една или помалку цели за одржлив развој |

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пр_К 7 | **Кохерентност со националните стратегии за климатски промени** | Опис на сопственоста од државата или/и на капацитетот за спроведување на финансиран проект или програма (политики, климатски стратегии и институции) | Кохерентност и усогласеност на целите на проектот со приоритетите кои веќе се наведени во националните климатски политики и стратегии | 3 | Висока усогласеност и кохерентност со климатските политики, стратегии и приоритети на земјата |
| | | | | 2 | Делумна усогласеност и кохерентност со климатските политики, стратегии и приоритети на земјата |
| | | | | 1 | Несоодветна усогласеност на проектот со националните приоритети |
| | | | | 0 | Многу мала усогласеност на проектот со националните политики |

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пр_К 8** | **Потенцијал за влијание (прелиминарна оценка)** | Потенцијал на проектот значително да придонесе за намалување на емисиите или за зголемување на отпорноста (прелиминарна оценка). Наведете го влијанието врз ублажувањето /адаптацијата на КП, со обезбедување споредливи национални одредници | 1. Прелиминарна проценка на потенцијалот за ублажување (tCO2eq во текот на животниот век на проектот).<br>2. Прелиминарна проценка на потенцијалот за адаптација (број на директни и индиректни корисници како % од вкупното население).<br>3. Родова еднаквост и потенцијал за влијание одделно врз жените и мажите како и врз ранливите групи | 3 | Многу висок потенцијал за ублажување/адаптација (вклучително и врз родовите прашања и ранливите групи) |
| | | | | 2 | Висок потенцијал за ублажување/адаптација (со влијание врз родовите прашања и ранливите групи) |
| | | | | 1 | Среден потенцијал за ублажување/адаптација (не е претставено влијанието врз родовите прашања и ранливите групи) |
| | | | | 0 | Многу низок потенцијал за ублажување/адаптација (нема влијание врз родовите прашања и ранливите групи) |

# 9. Критериуми, подкритериуми, индикатори и систем на бодување за приоретизирање на концептните белешки/предлози за финансирање

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **К1** | **Потенцијал за влијание на проектот** | | | **Тежина на крите-риумот К1** | **5** |
| К 1.1 | **Потенцијал за влијание** | Потенцијал на програмата/проектот значително да придонесе за намалување на емисиите или зголемување на отпорноста. Наведете го влијанието врз ублажувањето и/или адаптацијата на климатските промени, со доставување на споредливи национални одредници | 1. Проценето влијание за ублажување (во $tCO_2eq$ во текот на животниот век на проектот) или очекувано зголемување на бројот на домаќинства со пристап до енергија со ниски емисии.<br>2. Проценето влијание врз адаптацијата (број на директни и индиректни корисници како % од вкупното население расчленето според полот и видот на ранливост, промени во загубата на човечки животи, вредност на физичките средства, приходите и/или загуби во животната средина резултат на климатските непогоди). | 3 | Многу големо влијание врз ублажувањето /адаптацијата на климатските промени |
| | | | | 2 | Големо влијание врз ублажувањето /адаптацијата на климатските промени |
| | | | | 1 | Умерено влијание врз ублажувањето /адаптацијата на климатските промени |
| | | | | 0 | Многу мало влијание врз ублажувањето /адаптацијата на климатските промени |

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 1.2 | **Ублажување на еколошките и социјалните ризици** | Опис на нивото на преостанати ризици за медиумите на животна средина и ранливите групи од воведувањето на планираните мерки за ублажување | Ниво на преостанати ризици поврзани со проектот и соодветните мерки за ублажување дефинирани за исполнување на еколошките и социјалните гаранции | 3 | Не се идентификувани значителни ризици по прелиминарното испитување на еколошките и социјалните гаранции |
| | | | | 2 | Идентификувани се значителни ризици според категориите на еколошки и социјални гаранции и јасно се дефинирани мерките за нивно ублажување |
| | | | | 1 | Идентификувани се значителни ризици според категориите на еколошки и социјални гаранции и некои мерки за ублажување се дефинирани, но не се сеопфатни |
| | | | | 0 | Идентификувани се значителни ризици според категориите на еколошки и социјални гаранции, но нема дефинирано мерки за ублажување |

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **К2** | **Потенцијал за промена на парадигмата** | | | **Тежина на критериумот К2** | **5** |
| К 2.1 | **Долгорочна промена на политичко/стратешко ниво како резултат на спроведувањето на проектот** | Степен до кој предложените активности може да предизвикаат влијание кое трае подолго од еднократната инвестиција во проектот и степен до кој спроведувањето на проектот ќе доведе до промена на политиките | Иницира промени во политиките, изработка на нови стратешки документи или нови регулативи<br><br>Степен до кој новата регулатива ќе влијае врз родовите прашања и ранливите групи | 3 | Долгорочно влијание (вклучително и врз родовите прашања и ранливите групи) |
| | | | | 2 | Среднорочно влијание (вклучително и врз родовите прашања и ранливите групи) |
| | | | | 1 | Краткорочно влијание (вклучително и врз родовите прашања и ранливите групи) |
| | | | | 0 | Нема влијание |
| К 2.2 | **Потенцијал за зголемување и реплицирање и за ублажување и за адаптација и потенцијал за знаење и учење** | Специфични вредности за зголемување и реплицирање и каков било потенцијал за споделување знаења или учење на ниво на проект или институција | Можност проектот да се повтори во повеќе региони во РСМ и степен на споделување на научените лекции и искуствата стекнати од проектот<br><br>Процент на време посветено на родови прашања и ранливи групи за време на градењето капацитети | 3 | Висок потенцијал за реплицирање и знаењето ќе се сподели на национално ниво или пошироко |
| | | | | 2 | Умерен потенцијал за реплицирање и знаењето ќе се сподели на регионално ниво |
| | | | | 1 | Низок потенцијал за реплицирање и знаењето ќе се сподели на локално ниво |
| | | | | 0 | Нема потенцијал за реплицирање и знаењето нема да се сподели |

| Бр. | Критериум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 2.3 | **Потенцијал за иновативност** | Опис на иновативни елементи и концепти во рамките на активностите на проектот | Степен на иновации и можности за таргетирање нови пазарни сегменти, развивање или усвојување нови технологии, деловни модели и/или процеси | 3 | Многу иновативен пристап |
| | | | | 2 | Иновативен пристап на национално ниво (врз основа на адаптација на иновативна идеја во национален контекст) |
| | | | Степен до кој активностите ќе ги мотивираат учесниците на пазарот преку намалување на трошоците и ризиците и ќе отворат можности за нискојаглеродни решенија | 1 | Мал потенцијал за иновативност |
| | | | | 0 | Нема претставено иновативност |
| **К3** | **Потенцијал за одржлив развој** | | | **Тежина на критериумот К3** | **4** |
| К 3.1 | **Еколошки придобивки од проектот** | Опис на еколошките придобивки од спроведувањето на проектот (на пр. подобрување на квалитетот на воздухот, подобро управување со отпадот, заштита на биолошката разновидност, подобри екосистемски услуги, итн.) | Вид подобрувања во медиумите на животната средина и број на сектори/медиуми (на пр. воздух, вода, биолошка разновидност, квалитет на почва, квалитет на вода) | 3 | Придобивки за најмалку три медиуми на животна средина |
| | | | | 2 | Придобивки за два медиуми на животна средина |
| | | | | 1 | Придобивки за еден медиум на животна средина |
| | | | | 0 | Нема подобрувања на животната средина |

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 3.2 | **Економски и социјални придобивки од проектот** | Економски анализи за проектните активности и опис на економските придобивки;<br><br>Опис на подобрувањата во следниве области: здравство и безбедност, пристап до образование, социјална инклузија, подобри санитарни услуги, подобар пристап до енергија, подобрена заштита на културното наследство и на вредностите на заедницата<br><br>Подобрувања мерени според полова распределба: колку девојчиња, жени и други ранливи групи ќе имаат корист од подобрувањата. Дали нивните потреби се проценети пред да се осмислат мерките за подобрување? Дали различните улоги на жените и мажите се проценети во секое од подобрувањата? | Вкупен број на работни места (директни и индиректни) создадени со спроведување на проектот<br><br>Намален износ на буџетскиот дефицит на Владата<br><br>Развој и поддршка на конкурентноста на малите и средни претпријатија<br><br>Видови на подобрувања во социјалните области (образование, социјална инклузија, пристап до водоснабдување, здравствени установи и сл.) во РСМ | 3 | Високо ниво на економски придобивки и повеќе социјални подобрувања кои ги опфаќаат повеќето области (најмалку 3 области) |
| | | | | 2 | Умерено ниво на економски придобивки и социјални подобрувања во најмалку 2 области |
| | | | | 1 | Ниско ниво на економски придобивки и со спроведување на проектот ќе се постигнат само неколку мали социјални подобрувања |
| | | | | 0 | Нема економски придобивки и нема социјални подобрувања |

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 3.3 | **Родови придобивки** | Опис како родовата еднаквост ќе биде поддржана со спроведувањето на проектот и во колкава мера ќе бидат придобивките подеднакви.<br><br>Потенцијал за намалена родова нееднаквост пред влијанијата на климатските промени и/или еднакво учество на родовите групи во придонесување на очекуваните исходи | Подобрување на отпорноста и на родовата еднаквост при климатските промени и намалување на ранливоста (потенцијални ризици во спроведувањето на проектот, но и по завршувањето на проектот)<br><br>% на жени учеснички во активностите на проектот, % на жени корисенички, % на родово-чувствителни мерки предвидени со проектот, вид на афирмативни мерки предвидени за жените | 3 | Големи подобрувања |
| | | | | 2 | Умерени подобрувања |
| | | | | 1 | Мали подобрувања |
| | | | | 0 | Нема подобрувања |

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **К4** | **Потреби на примателот** | | | **Тежина на критериумот К4** | **4** |
| К 4.1 | **Ниво на економски и социјални придобивки за целната популација** | Опис на нивото на социјален и економски развој на земјата и на целната популација (вклучително и за социоекономски ранлива популација). | % од социоекономската популација кој има придобивки од проектот (расчленето по пол, ниво на приход, итн.) | 3 | Висок % од социоекономската ранлива популација има придобивки од подобрениот економски и социјален развој како резултат на спроведувањето на проектот |
| | | | | 2 | Умерен % од социоекономската ранлива популација има придобивки од подобрениот економски и социјален развој како резултат на спроведувањето на проектот |
| | | | | 1 | Низок % од социоекономската ранлива популација има придобивки од подобрениот економски и социјален развој како резултат на спроведувањето на проектот |
| | | | | 0 | Социоекономски ранливата популација нема придобивки од подобрениот економски и социјален развој како резултат на спроведувањето на проектот |

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 4.2 | **Достапност на финансиски ресурси** | Опис на недостигот на извори за финансирање на проектот и зошто се пристапува кон ЗКФ | Можности за надминување на конкретните пречки за финансирање<br>Можност за обезбедување средства од други извори | 3 | Нема можност за привлекување други извори на финансирање |
| | | | | 2 | Мала можност |
| | | | | 1 | Голема можност за други извори на финансирање |
| | | | | 0 | Многу голема можност за комбинирање на различни извори на финансирање |
| К 4.3 | **Потреби за зајакнување на институционалните капацитети** | Опис на можностите за зајакнување на институционалните капацитети и на капацитетите за спроведување во релевантните институции | Наведени активности за зајакнување на институционалните капацитети и на капацитетите за спроведување во институциите во РСМ<br>Во која мерка родовите аспекти се вклучени во активностите за зајакнување на капацитетите? | 3 | Големи можности за зајакнување на националната институција |
| | | | | 2 | Доволно опишани активности што водат кон подобрување на институционалните капацитети |
| | | | | 1 | Мали можности за подобрувања во релевантните институции |
| | | | | 0 | Нема опис на активности за зајакнување |

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К5 | Сопственост на државата | | | Тежина на критериумот К5 | 3 |
| К 5.1 | **Кохерентност со националната стратешка, регулаторна и правна рамка за климатски промени** | Опис на националниот контекст за спроведување на финансираниот проект или програма (политики, регулативи, законодавство, стратегии за климата и институции) | Кохерентност и усогласеност на целите на проектот со приоритетите од националните политики, регулатива, законодавство и стратегии за климатски промени | 3 | Голема усогласеност и кохерентност со националните политики, регулативи, законодавство, стратегии и приоритети за климата |
| | | | | 2 | Делумна усогласеност и кохерентност со националните политики, регулативи, законодавство, стратегии и приоритети за климата |
| | | | | 1 | Несоодветна усогласеност и на проектот со националните политики, регулативи, законодавство, стратегии и приоритети за климата |
| | | | | 0 | Многу мала усогласеност на проектот со националните политики, регулативи, законодавство, стратегии и приоритети за климата |

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| К 5.2 | **Релевантност и усогласеност со националните развојни индикатори, овозможувачките политики и институционалната рамка** | Објаснување како предлог-проектот се вклопува во националната развојна агенда. | Усогласеност со релевантните национални развојни индикатори и/или овозможувачките политики и институционалната рамка | 3 | Целосно во согласност со веќе дефинираните развојни индикатори |
| | | | | 2 | Делумно во согласност со развојните индикатори |
| | | | | 1 | Мала усогласеност со развојните индикатори |
| | | | | 0 | Нема аргументи за исполнување на развојните индикатори |
| К 5.3 | **Консултации со засегнатите страни** | Објаснување за вклученоста на различни засегнати страни, како и за улогата на ННО при изработка на концептната белешка /предлог-проектот.<br><br>Вклучување на граѓански организации и на други засегнати страни | До кој степен се консултираат или вклучуваат засегнатите страни во рамките на активностите на проектот (идентификувани се релевантни засегнати страни, број на засегнати страни, користени начини на комуникација, број на организирани настани и работилници, итн.) | 3 | Идентификувани се сите релевантни засегнати страни и вграден е механизам за повратни информации |
| | | | | 2 | Идентификувани се повеќето заинтересирани страни и вграден е механизам за повратни информации |
| | | | Број на настани за жени и ранливи групи (на пр., обуки, работилници, состаноци, консултации) | 1 | Идентификувани се некои заинтересирани страни и вграден е механизам за повратни информации |
| | | | Застапеност на жени и ранливи групи (процент на жени во однос на процент на мажи) кои учествуваат во иницијативи и настани за градење капацитети, настани за подигнување на свеста, информативни, консултативни настани | 0 | Не е опишано како се консултирани засегнатите страни |

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **К6** | **Ефикасност и ефективност** | | | **Тежина на критериумот К6** | **3** |
| **К 6.1** | **Ефикасност и ефективност на проектот** | Економска и, доколку е применливо, финансиска издржаност на програмата/проектот, а за програми/проекти наменети за ублажување, трошковна ефективност и кофинансирање | Проценети трошоци по $tCO_2$ eq. (вкупен инвестициски трошок/очекувано намалување на емисиите во текот на животниот век на проектот); очекуван обем на средства кои ќе се соберат од други извори благодарение на финансирањето од ЗКФ, расчленети по јавни и приватни извори | 3 | Ниски трошоци на проектните активности /инвестиции по единица намалување во $CO_2$ eq. |
| | | | | 2 | Умерени инвестициски трошоци наспроти придобивки |
| | | | | 1 | Високи трошоци за проектните активности /инвестиции по единица намалување во $CO_2$ eq. |
| | | | | 0 | Многу високи трошоци, или не се соодветно прикажани |
| **К 6.2** | **Капацитет на подносителот/АС да обезбеди средства од други извори/ кофинансирање и дополнителни придонеси за проектот** | Опис на можностите за комбинирање на различни извори за финансирање и очекуван обем на средства што ќе се соберат како резултат на финансирањето од ЗКФ | Удел на вкупната финансиска поддршка од ЗКФ во буџетот на проектот и јасно објаснување на другите финансиски извори што веќе се договорени | 3 | помалку од 25% |
| | | | | 2 | меѓу 25 и 50% |
| | | | | 1 | до 75% |
| | | | | 0 | меѓу 75 и 100% |

| Бр. | Критерирум | Опис на критериумите | Индикатор | Рангирање на критериумите | |
|---|---|---|---|---|---|
| **К 6.3** | **Применети технологии со најдобри практики** | Опис на предложените најдобри практики и степен на иновативни технички решенија во проектот | Ниво на технологии со најдобри практики кои се планира да се применат во проектот и главни придобивки што треба да се постигнат | 3 | Проектот вклучува висок % на технологии со најдобри практики |
| | | | | 2 | Проектот вклучува умерен % на технологии со најдобри практики |
| | | | | 1 | Проектот вклучува низок % на технологии со најдобри практики |
| | | | | 0 | Проектот не вклучува технологии на најдобри практики |

# 10. Образец: Писмо за прифаќање на концептни белешки

До: (име на подносителот/АС)

[Место], [датум]

Предмет: Известување за прифаќање на концептната белешка за проект поднесена за разгледување до ННО

Почитувани,

Кабинетот на заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија, како Национален назначен орган (ННО) упатува на проектната идеја [име на проектната идеја] поднесена од страна на [име на подносителот на проектот/акредитираниот субјект].

Во согласност со чекорите и критериумите дефинирани како дел од процедурата „Без-приговор" на Северна Македонија за проекти на Зелениот климатски фонд (ЗКФ), Ве известуваме дека ја разгледавме концептната белешка и истата е прифатена за понатамошна разработка во целосен предлог-проект за финансирање и преминување во последната фаза од процедурата „Без-приговор".

Доставувањето на ова писмо за прифаќање значи дека:

а) ННО и Стратешкиот советодавен комитет технички ја одобрија доставената концептна белешка;

б) Предлагачот се охрабрува да продолжи со изготвување на целосен предлог-проект за финансирање и да го достави до ННО за конечна проверка, како дел од процедурата „Без-приговор" на Северна Македонија

в) Подносителот мора да ги обезбеди сите релевантни придружни документи како што се Студијата на изводливост, Проценката на еколошките и социјални ризици и писмата за кофинансирање, кои ќе се доставaт до ЗКФ откако Владата на Република Северна Македонија ќе издаде писмо „Без-приговор".

ННО истакнува дека ова писмо е само известување за прифаќање на поднесената концептна белешка за проектот и дека подносителот мора да ги исполни сите преостанати релевантни чекори за да се стекне со писмо „Без-приговор".

За дополнителни коментари и прашања, контактирајте нѐ на официјалната адреса за е-пошта на ННО: Daniel.Josifoski@gs.gov.mk.

Со почит,

Име:___________________________

Функција:______________________

# 11. Образец: Писмо „Без-приговор“ за Фондот за подготовка на проекти

До: Зелениот климатски фонд (ЗКФ)

[Место], [датум]

Врска: Предлог за Фондот за подготовка на проект на ЗКФ од [име акредитиран субјект] во врска со [име на предлог-проектот за ФПП ]

Почитувани,

Упатуваме на предлог-проектот за Фондот за подготовка на проекти [име на предлог-проектот за ФПП] за подготовка на [Опис на основниот проект или програма] во [држава] како што е предвидено во предлог-проектот за ФПП поднесен од [име на акредитиран субјект ] до нас на [датум] („Предлог-проект за ФПП“).

Долупотпишаниот е соодветно овластен претставник на [име на ННО/фокусната точка], националниот назначен орган/фокусната точка на [државата].

Согласно одлуките на ЗКФ B.08/10 и B.13/21, чија содржина потврдуваме дека е прегледана, со ова писмо изјавуваме дека немаме приговор против активностите во врска со ФПП предвидени во предлог-проектот за ФПП.

Преку ова известување за немање приговор, се имплицира дека:

(а) Владата на [држава] нема приговор за барањето на Фондот за подготовка на проекти, вклучено во предлог-проектот на ФПП;

(б) Предлог-проектот на ФПП е во согласност со националните приоритети, стратегии и планови на [државата]; и

(в) Согласно еколошките и социјални гаранции на ЗКФ, активностите на ФПП вклучени во предлог-проектот на ФПП се во согласност со релевантните национални закони и подзаконски акти.

Исто така потврдуваме дека нашиот национален процес за остварување на процедурата „Без-приговор“ во врска со овој предлог-проектот на ФПП е целосно спроведена.

Прифаќаме ова писмо да стане јавно достапно на интернет-страницата на ЗКФ.

Со почит,

Име:_______________________________

Функција:_________________________

# 12. Образец: Писмо „Без-приговор“ за предлог-проектите за Поедноставен процес на одобрување (ППО)

До: Зелениот климатски фонд (ЗКФ)

[Место], [датум]

Врска: Предлог-проект за финансирање за ЗКФ од [име акредитиран субјект] во врска со [име на проектот/програмата ]

Почитувани,

Упатуваме на проектот [или програмата] [име на проектот [или програма]] во [држава] вклучена во предлог-проектот за финансирање поднесен од [име на акредитиран субјект] до нас на [датум].

Долупотпишаниот е соодветно овластен претставник на [име на ННО/фокусната точка], националниот назначен орган/фокусната точка на [државата].

Согласно одлуката на ЗКФ B.08/10, чија содржина потврдуваме дека е прегледана, со ова писмо изјавуваме дека немаме приговор против проектот [или програмата] предвидени во предлог-проектот за финансирање.

Преку ова известување за немање приговор, се имплицира дека:

(а) Владата на [држава] нема приговор на предлог-проектот [или програмата] вклучени во предлог-проектот за финансирање;

(б) Проектот [или програмата] предвидена во предлог-проектот за финансирање е во согласност со националните приоритети, стратегии и планови на [држава];

(в) Согласно еколошките и социјални гаранции на ЗКФ, проектот [или програмата] вклучени во предлог-проектот за финансирање се во согласност со релевантните национални закони и подзаконски акти.

Исто така потврдуваме дека нашиот национален процес за остварување на процедурата „Без-приговор“ во врска со овој проект [или програма] е целосно спроведена.

[Исто така потврдуваме дека оваа писмо „Без-приговор“ се однесува на сите проекти или активности кои ќе се спроведат во рамките на програмата.]

Прифаќаме ова писмо да стане јавно достапно на интернет-страницата на ЗКФ.

Со почит,

Име:______________________________

Функција:_______________________

# 13. Образец: Писмо „Без-приговор“ за предлог-проектите за финансирање

До: Зелениот климатски фонд (ЗКФ)

[Место], [датум]

Врска: Предлог-проект за финансирање за ЗКФ од [име акредитиран субјект] во врска со [име на проектот/програмата ]

Почитувани,

Упатуваме на проектот [или програмата] [име на проектот [или програма]] во [држава] вклучена во предлог-проектот за финансирање поднесен од [име на акредитиран субјект] до нас на [датум].

Долупотпишаниот е соодветно овластен претставник на [име на ННО/фокусната точка], националниот назначен орган/фокусната точка на [државата].

Согласно одлуката на ЗКФ B.08/10, чија содржина потврдуваме дека е прегледана, со ова писмо изјавуваме дека немаме приговор против проектот [или програмата] предвиден во предлог-проектот за финансирање.

Преку ова известување за немање приговор, се имплицира дека:

(а) Владата на [држава] нема приговор на предлог-проектот [или програма] вклучени во предлог-проектот за финансирање;

(б) Проектот [или програмата] предвидена во предлог-проектот за финансирање е во согласност со националните приоритети, стратегии и планови на [држава];

(в) Согласно еколошките и социјални гаранции на ЗКФ, проектот [или програмата] вклучени во предлог-проектот за финансирање се во согласност со релевантните национални закони и подзаконски акти.

Исто така потврдуваме дека нашиот национален процес за остварување на процедурата „Без-приговор“ во врска со овој проект [или програма] е целосно спроведена.

[Исто така потврдуваме дека оваа писмо „Без-приговор“ се однесува на сите проекти или активности кои ќе се спроведат во рамките на програмата.]

Прифаќаме ова писмо да стане јавно достапно на интернет-страницата на ЗКФ.

Со почит,

Име:_______________________________

Функција:_________________________

## 14. Фидуцијарни стандарди на ЗКФ

**Основни фидуцијарни стандарди**

| Стандард | Опис |
|---|---|
| **1.1 Клучни административни и финансиски капацитети** | Основни начела:<br>а) Финансиските вложувања и резултати соодветно се евидентираат, прикажуваат и со нив се управува на транспарентен начин согласно соодветните прописи и закони и со соодветна одговорност;<br>б) Информациите поврзани со севкупното управување со субјектот се достапни, конзистентни, сигурни, целосни и релевантни за потребните фидуцијарни стандарди; и<br>в) Работата на субјектот покажува претходни ефективни и ефикасни активности.<br>Стандарди:<br>1.1.1 Општо управување и административни капацитети<br>1.1.2 Финансиско управување и сметководство<br>1.1.3 Внатрешна и надворешна ревизија<br>1.1.4 Контролна рамка<br>1.1.5 Набавки |

| | |
|---|---|
| **1.2 Транспарентност и отчетност** | Основни начела:<br>а) Заштита и посветеност против злоупотреба и измамнички, коруптивни и недомаќински практики;<br>б) Откривање на која било форма на конфликт на интереси (реална, потенцијална или перцепирана); и<br>в) Етичкиот кодекс, политиките и културата застапуваат и промовираат целосна транспарентност и отчетност.<br>Стандарди:<br>1.2.1 Етички кодекс<br>1.2.2 Откривање на конфликт на интереси<br>1.2.3 Капацитет да се спречи или соодветно да се постапува со финансиска злоупотреба на средства и други форми на несоодветна работа<br>1.2.4 Истражна функција<br>1.2.5 Против перење на пари и против финансирање на тероризмот |

**Специјализирани фидуцијарни стандарди**

| Стандард | Опис |
|---|---|
| **2.1 Управување со проекти** | Основните начела се:<br>а) Способност да се идентификуваат, формулираат и оценуваат проекти или програми<br>б) Компетенции да се управува или врши надзор над спроведувањето на одобрените предлог-проекти за финансирање, вклучително и способност да се управува со извршните субјекти и спонзорите на проектот и да се подржи спроведувањето на проектот;<br>в) Капацитет за конзистентно и транспарентно известување за напредокот, испораката и спроведувањето на одобрените предлог-проекти за финансирање<br>2.1.1 Подготовка и оцена на проекти<br>2.1.2 Надзор и контрола над проекти<br>2.1.3 Мониторинг и евалуација<br>2.1.4 Способности за управување со системи за проекти изложени на ризик и за управување со ризици на проекти |
| **2.2 Механизми за доделување грантови** | 2.2.1 Транспарентни критериуми и оценка на подобноста<br>2.2.2 Одлуки и постапки за доделување грантови<br>2.2.3 Пристап на јавноста до информации за корисниците и резултатите<br>2.2.4 Транспарентно доделување и користење на финансиски средства<br>2.2.5 Добра состојба во однос на мултилатералното финансирање |
| **2.3 Подзаемање и/или кофинансирање** | Дополнителни специјализирани критериуми ќе има за посредници и извршни субјекти кои сакаат да ги користат тие финансиски инструменти со ресурсите на Фондот. |

Проверете го документот GCF/B.07/11 за дополнителни информации и услови за секој фидуцијарен стандард.

# 15. Образец: Писмо за номинација на субјект со директен пристап

[Меморандум на Владата]

Г-дин Јаник Глемарец
Извршен директор
Секретаријат на Зелениот климатски фонд
175 Art Center-daero
Yeonsu-gu, Incheon 22004
Република Кореја

Датум:
Врска:
Страница:

**Предмет:** **Искажување на номинација за апликацијата за акредитација за Зелениот климатски фонд**

Почитуван г-дин Глемарец,

Согласно став 47 од Управувачкиот инструмент за Зелениот климатски фонд, [во мојата улога како претставник на националниот назначен орган] *ИЛИ* [во мојата улога како фокусна точка] за [име на земјата], соодветно назначен согласно допис од *[Владата/министерство/орган]* до Фондот од [датум], долунаведениот субјект го номинирам за акредитација за Зелениот климатски фонд:

[Правно име на субјектот што аплицира]
[Лице за контакт: име]
[Детали за контакт: телефон, адреса, е-пошта]

[ННО/фокусната точка може да сака да додаде и информации за тоа како номинираниот субјект ќе може да придонесе за програмските приоритети на државата за ЗКФ]

Со почит,

[Име на лицето за контакт во ННО или фокусната точка]
[Позиција/функција во Владата]
[Сектор/Одделение]
[Министерство/Агенција]

# Ве молиме избришете ја оваа страница за потпишано писмо за номинација

Забелешка: Користете ја долната табела кога испраќате скениран примерок од потпишано писмо за номинација по е-пошта. Пополнете ја табелата, копирајте ја во текстот од вашата порака за е-пошта.

| | |
|---|---|
| Име на ННО/фокусна точка | |
| Презиме на ННО/фокусна точка (презиме со кое ќе му се обраќаат во дописот за признание) | |
| Наслов на ННО | |
| Поштенска адреса на ННО | |
| Датум на кој е испратен дописот | |
| Референтен број на дописот (ако има) | |
| Име на номинираниот субјект | |
| Име на лицето за контакт | |
| Детали за контактирање на лицето за контакт (адреса, телефон, е-пошта) | |

# Прирачник за работата на Националниот назначен орган за соработка со Зелениот Климатски Фонд

Проект: „Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам за Зелениот Климатски Фонд“

ISBN 978-92-5-132075-4

9 789251 320754

CA7413MK/1/12.19